Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2019 година

I.

Во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани бр.09-2673/1 од 13.12.2018 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2018) се вршат следниве измени:

1. Во точка 1. ПОМОШ НА ЛИЦА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК текстот на алинеја два која гласи: „Помош во автобуски карти за лекување надвор од градот ........... 150.000 денари“, се менува и гласи : „Помош во автобуски карти за лекување надвор од градот ........... 120.000 денари“.

2. Во точка 1. ПОМОШ НА ЛИЦА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, текстот на алинеја четири која гласи: „Помош во социјален пакет за новороденче ........... 200.000 денари“ , се менува и гласи: „ Помош во социјален пакет за новороденче ........... 150.000 денари“;

3. Во точка 1. ПОМОШ НА ЛИЦА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, текстот на алинеја пет која гласи: „ Помош за болничко лекување .............. 150.000 денари “ , се менува и гласи: „ Помош за болничко лекување .............. 70.000 денари “;

4. Во точка 1. ПОМОШ НА ЛИЦА ИЗЛОЖЕНИ НА СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, вкупниот износ на планираните средства во визина од 1.300.000 денари се менува и гласи: „ВКУПНО: 1.140.000,00 ДЕНАРИ“

5. Во точка 2. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ , текстот на алинеја четири која гласи:„Социјални услуги од страна на физички лица ........... 120.000 денари“, се менува и гласи: „ Социјални услуги од страна на физички лица ........... 30.000 денари“.

6. Во точка 2. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ вкупниот износ на планираните средства во визина од 620.000 денари се менува и гласи: „ВКУПНО: 530.000,00 ДЕНАРИ“

7. Во точка 3. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ -ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА, првата алинеја која гласи:„ Проект “Инклузија на деца Роми во градинките“-РЕФ, МТСП, ЛС “, се дополнува со средсва во висина од 50.000 денари и новиот текст гласи: „Проект “Инклузија на деца Роми во градинките“-РЕФ, МТСП, ЛС............50.000 денари.“ ;

8. Во точка 3. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ -ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА, втората алинеја која гласи: „Програма Општинско корисна работа на УНДП,МТСП и Општина Кочани (патни трошоци, дидактички помагала и други трошоци поврзани со реализација на проектот.................50.000 денари“, се менува и гласи: „Програма Општинско корисна работа на УНДП,МТСП и Општина Кочани (патни трошоци, дидактички помагала и други трошоци поврзани со реализација на проек тот................140.000 денари“;

9. Во точка 3. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ -ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА, после третата алинеја се додава нова алинеја четири која гласи:

- „Вршење на јавни работи преку ангажирање на нискоквалификувани невработени лица, финансирано од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во проекти од инфраструкурен карактер и заштита на животната средина во износ од................30.000 денари;“.

10. Во точка 3. ПРОЕКТНИ

АКТИВНОСТИ -ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА, вкупниот износ на планираните средства во висина од 65.000 денари се менува и гласи: „ВКУПНО: 235.000,00 ДЕНАРИ“

11. Во точка 4. ДЕТСКА ЗАШТИТА, после третата алинеја која гласи: „ Згрижување на деца на самохрани родители во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ .......... 100.000 денари“, се додава нова алинеја четири која гласи:

- „Згрижување на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „,Павлина Велјанова“ (од 3-6 години) кои не се од ромска националност, а припаѓаат на социјално загрозени семејства.......... 80.000 денари.

Згрижувањето на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „,Павлина Велјанова“ (од 3-6 години) кои не се од ромска националност, а припаѓаат на социјално загрозени семејства, Општината ќе го врши според следните утврдени критериуми и тоа:

1.Да спаѓаат во групата на социјално загрозени семејства, односно да исполнуваат еден од критериумите за потврда на материјалниот статус:
Двајцата родители да се невработени;
Да се корисници на гарантирана минимална помош;
Да спаѓаат во групата на семејство со минимален приход по член на семејство до 5.000 денари.
Еден од родителите да користи право на мобилност, слепило или нега;

2. Да се жители на Општина Кочани;

3. Да не се од ромска националност, бидејќи Општината ги поддржува децата Роми од истата возраст преку друг Проект;

4. Детето што треба да биде згрижено во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ да е на возраст од 3-6 години;

5. Оваа подддршка ќе се реализира до искористување на предвидените средства од 80.000,00 денари.“

12. Во точка 4. ДЕТСКА ЗАШТИТА, четвртата алинеја станува петта алинеја.

13. Во точка 4. ДЕТСКА ЗАШТИТА, вкупниот износ на планираните средства во висина од 280.000 денари се менува и гласи: „ВКУПНО: 360.000,00 ДЕНАРИ“

14. Во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани бр.09-2673/1 од 13.12.2018 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2018) текстот кој гласи:

„РЕКАПИТУЛАР

1. ПОМОШ НА ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ............................ 1.300.000 денари

2. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ............... 620.000 денари

3. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА ................................................... ......................................... 65.000 денари

4. ДЕТСКА ЗАШТИТА ........................ .................................................... 280.000 денари

5.РЕАЛИЗИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ДРИГИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ (НЕПЛАНИРАНИ) АКТИВНОСТИ, ПРОЕКТИ И МЕРКИ ............... 100.000 денари

ВКУПНО: 2.365.000 денари.“,
се менува и гласи:

„РЕКАПИТУЛАР

1. ПОМОШ НА ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ......................... 1.140.000 денари

2. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ..............530.000 денари

3. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПРЕВЕНЦИЈА ................................................... ........................................235.000 денари

4. ДЕТСКА ЗАШТИТА ........................ .................................................... 360.000 денари

5.РЕАЛИЗИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ДРИГИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ

(НЕПЛАНИРАНИ) АКТИВНОСТИ, ПРОЕКТИ И МЕРКИ ............... 100.000 денари
ВКУПНО: 2.365.000 денари.“,

II.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2019 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1515/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 22 став 1 точка 6 од истиот Закон и член 22-а став (3) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 11.07.2019 година, донесе

Програма
за изменување и дополнување на
Програмата за спорт на општина Кочани за
2019 година

I.

Во Програмата за спорт на општина Кочани за 2019 година бр 09-2671/1 од 13.12.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2018) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Текстот кој гласи: „ I.

ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА И СОЈУЗИ

За спортските клубови, здруженија и сојузи според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот се предвидени 2 280 000,00 денари од кои 228 000,00 денари за спортските здруженијата и 2 052 000,00 за спортските клубови. Средствата наменети за спортските клубови се распределуваат за спортски клубови што практицираат олимписки спортови – 1 846 800,00 и 205 200,00 за неолимписки спортови. Понатаму од вкупните предвидени средства за клубовите од олимписките спортови средствата се распределуваат за клубови кои се класифицираат како екипни олимписки спортови со средства во висина на 1.385.100,00 денари и за клубови од индивидуални олимписки спортови во висина на 461 700,00 денари.“, се менува и гласи:
„ I

ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, ЗДРУЖЕНИЈА И СОЈУЗИ

За спортските клубови, здруженија и сојузи според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот се предвидени 2 580 000,00 денари од кои 300 000,00 за котизација според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот бр.09-2306/1 од 29.10.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување

на Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот бр. 09-1516 од 11. 07.2019, 228.000,00 денари за спортските здруженијата и 2.052.000,00 за спортските клубови. Средствата наменети за спортските клубови се распределуваат за спортски клубови што практицираат олимписки спортови – 1.846 800,00 и 205.200,00 за неолимписки спортови. Понатаму од вкупните предвидени средства за клубовите од олимписките спортови средствата се распределуваат за клубови кои се класифицираат како екипни олимписки спортови со средства во висина на 1.385.100,00 денари и за клубови од индивидуални олимписки спортови во висина на 461.700,00 денари.“

2. Во точка V. СТИМУЛИРАЊЕ НА МЛАДИ СПОРТИСТИ, текстот кој гласи: „За реализација на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2019 година планирани се од Буџетот на општината вкупно 3 800 000 денари.

„РЕКАПИТУЛАР

1. Трнсфери до клубови, сојузи и здржeнија за нивно функционирање - 2 280 000

2. Други трансфери за манифестации (судии, набавка на пехари, маици, топки и сл.) - 760 000

3. - Одржување на спортски објеки - 648 000

4. Дополнителни проекти - 76 000

ВКУПНО 3 800 000 “, се менува и гласи:

„За реализација на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2019 година планирани се од Буџетот на општината вкупно 4 064 000 денари.

РЕКАПИТУЛАР

1. Трансфери до клубови, сојузи и здржeнија за нивно функционирање 2 580 000

2. Други трансфери за манифестации (судии, набавка на пехари, маици, топки и сл.) 760 000

3. Одржување на спортски објеки 648 000

4 Дополнителни проекти 76 000

В К У П Н О 4 064 000 денари

II.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за спорт на општина Кочани за 2019 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1517/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 21 и член 22 став 1 точка 5 од истиот Закон и член 7 од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015, 39/2016 и 11/2018), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 11.07.2019 година, донесе

Програма
за изменување на програмата за култура на Општина Кочани за 2019 година

I.

Во Програмата за култура на

Општина Кочани за 2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2018), во Дел II.АКТИВНОСТИ, се вршат следните измени:

1. Во точка 1) ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ во подточка 1.1 „Денови на кочанскиот ориз“ текстот: „Планирани средства од буџетот на Општината: 800.000 денари “ се менува и гласи: „Планирани средства од буџетот на Општината: 500.000 денари “.

2. Во точка 1) ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ во подточка 1.2 „Петровден“ текстот: „Планирани средства од Општината: 180.000 денари“ се менува и гласи: „Планирани средства од Општината: 780.000 денари “.

3. Во точка 4) ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ПОЕДИНЦИ КОИ НУДАТ НОВИ ИДЕИ И РАЗНОВИДНОСТ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА; ПОДДРШКА НА ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ НАСТАНИ, ПРОЕКТИ, МАНИФЕСТАЦИИ, ИЗВЕДУВАЧИ, текстот во подточка 4.4. кој гласи: „Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи: 885.000 денари“ , се менува и гласи: „Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи: 585.000 денари“.

4. Во точка 5 Рекапитулар, текстот кој гласи:

„ РЕКАПИТУЛАР

1. Организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани 1.870.000,00 денари

2. Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница 555.000,00 денари.

3. Издавачка дејност на Општината и печатење на промотивни материјали 290.000,00 денари.

4. Поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи 885.000,00 денари.

Вкупно планирани средства за реализација на Програмата за култура за 2019 година: 3.600.000,00 денари “

се менува и гласи:

„ РЕКАПИТУЛАР

1. Организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани 2.170.000,00 денари.

2. Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница 555.000,00 денари.

3. Издавачка дејност на Општината и печатење на промотивни материјали 290.000,00 денари.

4. Поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи 585.000,00 денари.

Вкупно планирани средства за реализација на Програмата за култура за 2019 година: 3.600.000,00 денари “.

II.

Програмата за изменување на програмата за култура на Општина Кочани за 2019 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1518/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА ОПШТИНА
КОЧАНИ ЗА 2019 ГОДИНА

I.

Во Програмата за комуникација на Општина Кочани за 2019 година бр.09-2679/1 од 13.12.2019 година („Службен весник на Општина Кочани“ бр.13/2018) се вршат слените измени:

1. Во табелата Активности, оперативни и технички трошоци, во точката 1. Трошоци по договори за локални медиуми за закуп на простор (локални телевизии, радио, интернет-портал) износот од „940.000 денари (А0)“ се заменува со износ од: „ 500.000 денари (А0) “.

2. Во табелата Активности, оперативни и технички трошоци, точката 3 која гласи: „Објавување реклами на радио/ТВ со национална концесија и на банери на електронски портали“, се менува и гласи: „Објавување реклами на јавни радиодифузери и на банери на електронски портали.“

3. Во табелата Активности, оперативни и технички трошоци, текстот кој гласи: „ВКУПНО: 2.606.000 денари“ , се менува и гласи: „ВКУПНО: 2.166.000,00 денари.“

II.

Програмата за изменување на Програмата за комуникација на Општина Кочани за 2019 година, влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1519/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со членот 22, став 1, точка 8 од истиот Закон, Советот на Општина Кочани на седница одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

Програма
за изменување и дополнување на
програмата за поддршка на образованието
во Општина Кочани за 2019 година

I.

Во Програмата за поддршка на

образованието во Општина Кочани за 2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2018 и 15/18), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во делот I. Поддршка на образовните институции при подигање на квалитетот на воспитно образовниот процес, текстот кој гласи: „ За потребите на ООМУ„Ристо Јуруков“ – Кочани за набавка на полуконцертно пијано, Општина Кочани предвидува финансиска поддршка во висина на 300 000,00 денари од Програмата за основно образование N1.“
, се менува и гласи: „За потребите на ООМУ„Ристо Јуруков“ – Кочани за набавка на полуконцертно пијано, Општина Кочани предвидува финансиска поддршка во висина на 750.000,00 денари од Програмата за основно образование N1.“

2. Во делот II Поттикнување и зајакнување на интелектуалниот раст, текстот кој гласи: „ Организирањето на манифестации за прогласување на најдобри ученици е предвидено да се реализира денот на општината – Петровден, каде се наградуваат најдобрите ученици. Парични награди ќе добијат првенците на генерацијата од секое училиште и учениците поединци кои освоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада.
За награди на учениците оваа година се предвидени 120.000,00 денари од Програмата за основно образование N1 – 80.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 40.000,00 денари. “,
се менува и гласи:
„ Организирањето на манифестацијата за прогласување на најдобри ученици е предвидено да се реализира по завршување на учебната година, каде се наградуваат најдобрите ученици. Паричните награди ќе ги додели Градоначалникот на првенците на генерацијата од секое училиште и учениците поединци кои освоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада.
За награди на учениците оваа година се предвидени 120.000,00 денари од Програмата за основно образование N1 –98.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 22.000,00 денари.“

3. После делот III. Промоција на ефективни воспитнообразовни установи, текстот на Рекапитуларот кој гласи:

„ Р Е К А П И Т У Л А Р

1. Поддршка на образовните институции при подигање на квалитетот на воспитно образовниот процес 400.000,00 денари

2. Поттикнување и зајакнување на интелектуалниот раст 420.000,00 денари

3. Промоција на ефективни воспитнообразовни установи 200.000,00 денари

Вкупно 1.020.000,00 денари “,

се менува и гласи:

„ Р Е К А П И Т У Л А Р

1. Поддршка на образовните институции при подигање на квалитетот на воспитно образовниот процес 850.000,00 денари

2. Поттикнување и зајакнување на интелектуалниот раст 420.000,00 денари

3. Промоција на ефективни воспитнообразовни установи 200.000,00 денари

Вкупно 1.470.000,00 денари “.

II.

Програмата за изменување и дополнување на програмата за поддршка на образованието во Општина Кочани за 2019 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1520 /1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2019 година

I

Во Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2019 година („Сл. гласник на Општина Кочани“ бр.13/2018), се вршат следните изменувања:

-Потточка 2.1.1. која гласи: Крпење на ударни дупки и прекопи со асфалт____1.500.000 “

Износот се менува и изнесува 1.400.000ден.

Во Точка 2.3. Изградба и реконструкција на улици, се вршат следните измени:

-Потточка 2.3.1 која гласи: „Изработка на проекти ______________ 1.000.000 ден“

Износот се менува и изнесува 800.000 ден“

- Потточка 2.3.1-а која гласи: „Ревизија на проекти __________ 300.000 ден“

Износот се менува и изнесува 200.000ден

-Потточка 2.3.2. која гласи: „Надзор над изведбата__________ 300.000 ден“

Износот се менува и изнесува 400.000ден.

-Во потточка 2.3.3 Асфалтирање на улици

во алинеа 2 износот 1.661.440 се менува и изнесува 1.196.496ден.

во алинеа 3 износот 1.985.500. се менува и изнесува 1.878.000ден.

во алинеа 4 износот 740.681 се менува и изнесува 333.709ден.

во алинеа 5 износот 444.954 се менува и изнесува 201.263ден.

во алинеа 6 износот 676.823 се менува и изнесува 309.415ден.

во алинеа 7 износот 3.273.764 се менува и изнесува 1.757.926ден.

во алинеа 8 износот 13.576.990 се менува и изнесува 7.144.495ден.

во алинеа 9износот 5.500.000 се менува и изнесува 3.073.000ден

-Во потточка 2.3.4 Пробивање и прочистување на патишта во ридско планинскио дел

Износот1.300.000ден. се менува и изнесува 1.450.000ден

-Во потточка 2.36 Пробивање и тампонирање на улици

Износот5.000.000 се менува и изнесува 3.500.000ден.

-Во потточка 2.3.7 Сопствено учество на Општината во проекти финансирани од донации

износот 4.000.000 се менува и изнесува 8000.000.ден.

Се додава нова потточка 2.3.8 Изградба на локален пат од м.в.Крушка-м.в.Ајдар со износ 15.000.000ден.

Се додава нова потточка 2.3.9 Изградба на ул.до 200м со износ 3.000.000ден.

Вкупниот износ во Точка 2.3 од 41.258.010ден се менува и изнесува 54.278.162ден.

Износот 95.735.654ден.на целата програма се менува и изнесува 98.215.793ден

Во делот I., после текстот кој гласи: „Врз основа на напред кажаното и во зависност од приливот на финансиски средства можни се измени и дополчнувања на активностите предвидени во Програмата.", се додава нов текст под точка 3 кој гласи:

„3. Општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани .

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани е уреден со Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани донесена од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019). Во текот на 2019 година, а согласно Планот за јавните набавки за 2019 година, Општина Кочани планира да отпочне постапка за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари" – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија" со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник. За спроведување на оваа постапка за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија Советот на Општина Кочани ќе донесе посебна одлука.

II.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1521/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 20, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/16 , 64/18 и 168/18) Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 11.07. 2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2019 година

I

Во Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2019 година бр. 09-2674/1 од 13.12.2018г., ( Сл. Гласник на Општина Кочани бр. 14/2018 ) и бр. 09-1126/1 од 22.05.2019г. ( Сл. Гласник на Општина Кочани бр. 5/2019) се врши следната измена:

Во делот II став 3 износот „3.500.000,00" се заменува со„ 2.000.000,00"

II

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09- 1522/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2019 година

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2019 Сл.гласник на Општина Кочани бр.13/2018, се врши следната измена:

На страна 1 во делот: Воведен дел на програмата за 2019 година која гласи:

„Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Кочани за 2019г, е усогласена со законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. бр. 15/15г, 98/15г, 193/15г, 226/15г, 31/16г, 142/16г и 190/16г.) и Правилник за степен на уредување на градежното земјише со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Службен весник на Р.М. бр. 193/16г)“.

Се менува и додава: на крајот од реченицата точката се брише, се додава, и извадок од нацрт-записникот од Сто триесет и петата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2019 година

На страна 2 во делот: која гласи

- обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,

„Ќе се изврши Експропријација на дел од парцели за улиците и главен фекален колектор 1 и 2 за отпадни води: дел од ул.Роза Петрова, дел од ул.Стефка Тасева, крак од ул.1Мај, дел од ул.Петар Синадинов, дел од ул.Скоевска, ул.Ванчо Коцев, ул.Вера Которка, ул.Кирил и Методиј, ул.Стево Тодосиевски, ул.Кирил Ѕмбов(Енгелсова) (КО Оризари и КО Кочани), Спортско рекреативен центар Црница кај градски базент, ул.Искра крак 1 исток, ул. 553 над канал за предвидената детска градинка, ул.Јордан Зафиров, ул.Лазар Стоименов КО Оризари, ул.Поп Арсов Блаже, улици во Централно градско подрачје, ул. Боро Ефремов во Кочани, ул.Кеј на Револуцијата-Оризари“.

Се менува и додава: на крајот од реченицата точката се брише, се додава запирка ул.Малина Поп Иванова, ул.Велин Стојанов, локален пат: Железничка пруга Кочани-Штип – с.Горни Подлог – с.Мојанци, дел од ул.Скопска, ул.560 Л.И., ул.Раде Кратовче крак 1 КО Оризари, ул.Раде Кратовче крак 2 КО Оризари, крак 1 од ул.Асном КО Оризари, ул.Мите Јорданов и Борис Ефтимов КО Тркање, ул.Маршал Тито крак 1 КО Тркање, локален пат м.в.Крушка –м.в.Ајдар, пристапен пат до манастир Света Богородица-Добра Вода, поврзување на с.Гратче со град Кочани, ул.Тоде Паунов КО Долни Подлог, ул.Маршал Тито КО Мојанци, ул.Ангел стојчев КО Тркање, ул.Михаил Арсов КО Прибачево, ул.Ангел

Донев КО Оризари и локален пат Крушка - Полаќи.

На страна 5 во делот: кој гласи

„Висината на надоместокот за објекти надвор од опфатот на градежниот реон на град Кочани ќе изнесува 50% од основниот степен на уреденост на име досегашен степен на уредување, односно 1.180ден/м2 н.к.п".

Се додава нова алинеа: која гласи

„Висината на комунални трошоци при изградба на фотонапонски централи да изнесува 30 денари/м2 , додека за ветерни електроцентрали да изнесува 1.200.000 денари за секоја единица (турбина)".

На страна 6 во делот кој гласи:

„Начин на распределба за средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,

Точка3, кој гласи: Изградба на други објекти (заштитни огради, белење, материјали за урбани заедници по барања, кров, лифт, одржување игралишта и други непредвидени работи) 6.500.000 ден.

Се менува и гласи: „Изградба други објекти (Заштитни огради, белење, изградба и оградување на спортски игралишта, Материјали за урбани заедници по барања, Кров, Лифт, одржување игралишта изградба на детски паркови, Поплочување трговски и др.) 11.200.000 ден".

Точка4, која гласи:„ Бетонирање на пристапни улици и тротоари 4.000.000 ден".

Се менува и гласи:„ Бетонирање на пристапни улици и тротоари 3.500.000 ден".

На страна 6 во делот кој гласи:

Вкупно 21.100.000 денари

Се менува и гласи:„25.300.000 денари".

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кочани.

Бр. 09- 1523/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
### за изменување на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на Општина Кочани за 2019 година

I

Во Програмата за изградба на за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на Општина Кочани за 2019 година„Сл.гласник на Општина Кочани" бр.13/2018), се врши следната измена:

-Во ставот 2,

- во алинеа 3 износот од 2.500.000ден.се заменува со износот 2.453.220ден.

Во ставот 4, вкупната сума од „4.000.000 ден" се заменува со износот 3.953.220ден.

II

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1524/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2019 година

I

Во Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2019 година „Сл.гласник на Општина Кочани" бр.__/2017), се врши следната измена:

-Во ставот 3,

- во алинеа 1, износ од „600.000ден" се заменува со износот од „400.000 ден".

-Во алинеа 2 износот од „400.000 ден" се заменува со износот од „100.000 ден"

-Во алинеа 3, износот од 3.500.000ден. се заменува со износот „6.000.000 ден"

-во алинеа 5 износот од 600.000ден.се заменува со износот 300.000ден.

-се додава нова алинеа 6 Експропријација со износ 200.000ден.

-Во ставот 4 износот од 6.100.000ден. се заменува со износот 8.000.000ден.

II

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09- 1525/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 22-а, став (3), од Законот за спортот („Сл. весник на РМ" бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016; 106/2016; 190/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот

I.

Во Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот бр.09-2306/1 од 29.10.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани" бр.12/2018) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Текстот кој гласи:

„ III.2.Критериуми за доделување

средства предвидени со

Програмата за спорт на Општина Кочани

Член 11

Од вкупниот буџет на Програмата за спорт на Општина Кочани средствата се делат процентуално, односно:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови, здруженија и сојузи – 60%

2. Финансиска поддршка на спортски манифестации, проекти од јавен интерес за општина Кочани од обласа на спортот други материјали - 20%

3. Финансиска поддршка за оддржување на спортски објекти во општина Кочани, непредвидени активности и репрезентација за настани – 18%

4. Финансиска поддршка за проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот– 2%

Член 12

Средствата од член 11, став 1, точка 1 понатаму се распределуваат проценуално, односно:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови –90%.

2. Финансиска поддршка на спортски сојузи и зруженија – 10 %.„,

се менува и гласи:

„III.2.Критериуми за доделување средства предвидени со

Програмата за спорт на Општина Кочани

Член 11

Од вкупниот буџет на Програмата за спорт на Општина Кочани средствата се распределуваат на следниот начин:

1. Се доделуваат средства за котизација на клубовите од група АI – екипни олимписки спортови и тоа:

- 70% од котизацијата за влез во Прва лига сениори и

- 50 % од котизацијата за влез во втора лига сениори,

а останатите средства се делат процентуално за:

2. Финансиска поддршка на спортски клубови, здруженија и сојузи – 60%

3. Финансиска поддршка на спортски манифестации, проекти од јавен интерес за општина Кочани од обласа на спортот други материјали - 20%

4. Финансиска поддршка за оддржување на спортски објекти во општина Кочани, непредвидени активности и репрезентација за настани – 18%

5. Финансиска поддршка за проекти од јавен интерес за општина Кочани од областа на спортот– 2%

Член 12

Средствата од член 11, став 1 точка 2 понатаму се распределуваат проценуално, односно:

1. Финансиска поддршка на спортски клубови –90%.

2. Финансиска поддршка на спортски сојузи и зруженија – 10 %. “

II.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09- 1516/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11. 07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно управување и користење недвижна ствар Пречистителна станица за третман на отпадни води Кочани, на КЈП „Водовод“- Кочани, без надомест

Член 1

Со оваа одлука на КЈП „Водовод“ – Кочани се дава на трајно управување и користење без надомест, следната недвижна ствар, сопственост на општина Кочани:

Пречистителна станица за третман на отпадни води Кочани, запишана во ИЛ. Бр.591 на КП бр.802, во м.в.„Ормански ливади“ , со индикации запишани во ИЛ. Бр.591, КО Мојанци- Општина Кочани, со вкупна вредност: 18.360.000 Швајцарски франци – денарска противвредност: 1.013.976,900,00 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09- 1499/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11. 07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на времено користење дел од недвижна ствар,сопственост на општина Кочани, на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани, без надомест

Член 1

Со оваа одлука на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани се дава на времено користење за период од 10 години, без надомест, дел од недвижна ствар- (една просторија од објект во с. Оризари), сопственост на општина Кочани, со површина од 15,59 м2, на КП бр.6225/1, КО Оризари, запишан во ИЛ бр.3186 .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09- 1500/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 36 ст.1 т.15 и чл.22 ст.1 т.7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02“), а во врска со точка 1 од Извадокот од Нацрт –записникот од сто и тринаесеттата седница на Владата на РМ одржана на 28.12.2018 година бр.44-11159/1 од 28.12.2019 година, Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014 – 2020 и согласно Договорот за соработка бр.03-2721/1 од 20.12.2018 г. помеѓу МТСП, Општина Кочани и ЈОУДГ „Павлина Велјанова Кочани“, за реализација на Проектот „Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи – Детски градинки“, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност за вклучување на деца Роми на возраст од 3 до 6 години за престој во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани за период до 31.12.2019 година за реализацијата на Проектот „Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи-Детски градинки“

Член 1

За реализацијата на Проектот „Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи-Детски градинки“, Советот на Општина Кочани дава согласност во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани да бидат вклучени, односно да се обезбеди целодневен престој на 25 деца Роми на возраст од 3 до 6 години за период до 31.12.2019 година со поддршка од Министерството за труд и социјална политика, Ромскиот едукативен фонд, Општината и ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани.

Член 2

Трошокот за престој на децата од членот 1 на оваа Одлука во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани се распределува на следниот начин:

- трошокот за целодневниот престој за 17 деца Роми ќе го финансира Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот едукативен фонд,
- трошокот за целодневниот престој за 5 деца Роми ќе го финансира Општината,
- трошокот за целодневниот престој за 3 деца Роми ќе го финансира ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“ .

Бр. 09- 1510/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36 став (1) точка 15 и член 22 став (1) точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018 и 163/2018) и член 2, член 4 став 1 ал.8 и чл.13 ст.1 од Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019),Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година донесе

О Д Л У К А
за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија

Член 1

Да се отпочне постапка за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со распределба на линијата со реден број 8: **с.Оризари“ □ м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“ □ спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“ □ „Лесна индустрија“** со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник.

Член 2

Линијата со реден број 8 од членот 1 на оваа Одлука, превозникот ќе ја врши на траса определена според следните автобуски стојалишта: Продавница „Јонче“ с. Оризари, Бараки Селиште с. Оризари, Православен храм „Св. Атанасиј“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – Пешачки мост с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – мост „Витоша“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – пешачки мост, Православен храм „Св. Атанасиј“ с.Оризари, раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Христијан Карпош“, спој на ул. „Тодосија Паунов“ и ул. „Никола Карев“, СОУ „Гошо Викентиев“, Печатница, Атомски згради, ул. Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Треска, Автобуска, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ „Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ „Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Стришани, Болница, спој на ул.„Бел камен“ со ул.„Страшо Ербапче“, „Драчевиќ“, „Осоговка“, м.в. „Сиви Дом“, х.„Национал“, конфекција „Амор“, печатница „Европа 92“, плинска станица, „Александрија“, „Ледер“, конфекција „Амор“, х. „Национал“, м.в. „Сиви Дом“, „Осоговка“, „Авто комерц“, „Грозд“, м.в. „Пераклија“, ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Автобуска, Треска, ул. Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Атомски згради, Печатница, СОУ „Гошо Викентиев“, ул.„Тодосија Паунов“ (м.в. Дедово Маало во с. Оризари).

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши со најмалку 4 (четири) поаѓања дневно.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши од понеделник до сабота, без недела и државни празници.

Член 3

**За линијата бр.8: с.Ориզари“ м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“  спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“  „Лесна индустрија“ се утврдува максимална единична цена за билет по патник која изнесува 20 денари со ддв,** согласно Одлуката за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019) донесена од Советот на Општина Кочани**.**

Конечната единична цена за билет по патник за превоз на наведената линија ја утврдува превозникот (понудувачот) во рамки на максимално утврдените цени за општински линиски превоз на патници што ги утврдил Советот на Општина Кочани со Одлука за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019) и согласно чл.4 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани бр.09-923/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019).

**Општина Кочани ќе учествува со 50 % во цената на билетот за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8: с.Оризари“  м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“  спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“  „Лесна индустрија“, а останатите 50% од цената на билетот на превозникот ќе му бидат платени од патникот со купување на билет за превоз на наведената релација.**

По исклучок од ставот 1 на овој член, при реализација на договорот во текот на неговото времетраење, се дозволува промена/корекции на понудената единечна цена за билет по патник за превоз на наведената релација во смисла на намалување или зголемување на истата, под услов доколку највисоката малопродажна цена на Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) утврдена со Одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт Бр.02-2384/1 од 24.06.2019 година донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија се зголеми или намали со одлука на регулаторната комисија и тоа под следните услови:

| Ред. бр. | Доколку утврдената највисока малопродажна цена од 60,50 денари/литар за Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) **се зголеми во висина**: | Доколку утврдената највисока малопродажна цена од 60,50 денари/литар за Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) **се намали во висина:** |
|---|---|---|
| 1. | до 15%, односно до 69,58 денари/литар понудената единична цена за билет за превоз по патник не се зголемува; | до 15%, односно до 51,43 денари/литар понудената единична цена за билет за превоз по патник не се намалува; |
| 2. | од 16% до 25%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се зголеми за 25% (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се зголеми на 25 денари по патник); | од 16% до 25%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се намали за 25% (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се намали на 15 денари по патник); |
| 3. | од 26% до 50%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се зголеми за 50% | од 26% до 50%, понудената единична цена за билет за превоз по патник може да се намали за 50% |

| | | |
|---|---|---|
| | (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се зголеми на 30 денари по патник); | (например ако понудена един.цена за билет за превоз по патник е 20 денари ќе се намали на 10 денари по патник); |

Доколку при реализација на договорот во текот на неговото времетраење дојде до промена (зголемување или намалување) на единичната цена на билет по патник согласно став 4 од овој член, распределбата на учеството на Општина Кочани во цената на билетот по патник за превоз на наведената линија, ќе се врши според следните посебни услови:

**- кога при распределба на учеството на Општината со 50% на новата променета цена за билет по патник како резултат се добие цел број** *(например понудената цена од 20 денари се зголеми за 50% односно на 30 денари - 50% = 15)*, **Општина Кочани ќе учествува во наплата на цената за билет по патник со 50%** *(например 15 денари)* , **а останатите 50%** *(например 15 денари)* **ги плаќа патникот;**

**- кога при распределба на учеството на Општината од 50% на новата променета цена за билет по патник како резултат не може да се добие цел број** *(например понудената цена од 20 денари се зголеми за 25% односно на 25 денари-50%=12,5),* **Општина Кочани ќе учествува во наплата на цената по патник со 40%** *(например 10 денари)*, **а останатите 60%** (*например 15 денари)* **ќе ги плаќа патникот.**

Корекција на цените ќе се изврши на барање на која било од договорните страни.

Како релевантен доказ за промена на понудената цена за билет по патник за превоз на наведената линија, ќе се користи Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, објавена во "Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Член 4

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари" – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија" за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник ќе ја спроведе комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани.

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари" – м.в. „Усова чешма" - м.в.„Бавчалук" – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче" – „Лесна индустрија" за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник да се спроведе по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки, Законот за превоз во патниот сообраќај, Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019) и другите законски и подзаконски акти и со избраниот најповолен понудувач да се склучи договор .

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да го склучи договорот со избраниот превозник како најповолен понудувач во спроведената

постапка , како и да склучува анекси на основниот договор (договор/и за изменување на основниот договор)
во случаи на измени на договорот во текот на неговото времетраење под услови утврдени со член 119 од Законот за јавните набавки.

Договорот со избраниот најповолен понудувач (превозник) ќе се склучи со времетраење од 5 години, кое ќе почне да тече сметано од денот на издавање на дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници која ја издава Градоначалникот.

Согласно Планот за јавни набавки на Општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани за 2019 година вкупната вредност на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 изнесува 4.250.000,00 денари за период од 5 години.

Средствата за реализација на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 која ќе ја распредели Општината ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година од 2019 - 2024 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1511/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 година), а во согласност со Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во РМ бр.19-2164/1 од 02.06.2005 година , членот 5 од Законот за даноците на имот („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011,53/2011 и 84/2012 година) и членовите 1 , 2 и 16, став 2 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 54/2012, 17/2013, 21/2013 и 142/2014), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлукатаза определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани Бр.09-300/1 од 30.01.2019 година

Член 1

Во член 1 во трета зона по зборовите „ потоа продолжува на југ по осовината на ул.Никола Карев “ се додава „до спој со КП бр.15403/1 каде свртува на запад и оди по јужната граница на КП бр.15403/1, КП бр.15403/2 и КП бр.15403/3 и продолжува по осовината на крак на улица „Вера Которка“ се до улица „Вера Которка“ каде свртува на југозапад и продолжува по осовината на

улица „Вера Которка“ по источниот брег по течението на Кочанска рек се до спој со опфатот на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.) или КП бр.15366 и продолжува на југозапад.

Член 2

Во член 1 во четврта зона по зборовите „ продолжува на запад по границите на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998год.)“ се додава:„до спој со улица „Никола Карев“, потоа продолжува на запад по осовината на ул.„559“ и продолжува на југозапад и запад по границите на ДУП на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 година)“

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Кочани.

Бр. 09- 1512/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 10 став 4 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07. 2019 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат за КП бр.2202 КО Полаки; за КП бр.2519 КО Пресека; за КП бр.4454 КО Полаки; за КП бр. 342 КО Црвена Нива; за КП бр. 520/10 КО Вранинци; за КП бр.854/2 КО Тркање.

Член 1

Се утврдува да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се вклопат бесправно изградените објекти во урбанистичко-планска документација.

Член 2

1.Согласно член 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација да се изврши вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување во станбени куќи-А1, означен како зграда 1, изграден на КП бр.2202 КО Полаки запишана на Имотен лист бр.1104 за КО Полаки.

2.Согласно член 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација да се изврши вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување во станбени куќи-А1, означен како зграда 1 изграден на КП бр.2519 КО Пресека запишана на Имотен лист бр.113 за КО Пресека.

3.Согласно член 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација да се изврши вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување во станбени куќи-А1, означен како зграда 1, изграден на КП бр.4454 КО Полаки, запишана во Имотен

лист бр.1198 за КО Полаки.

4.Согласно член 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација да се изврши вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена домување во станбени куќи-А1, означен како зграда 2, изграден на КП бр.342 КО Црвена Нива, запишана во Имотен лист бр.31 за КО Црвена Нива.

5.Согласно член 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација да се изврши вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена викенд куќи-А4-3, означен како зграда 1, изграден на КП бр.520/10 КО Вранинци, запишана во Имотен лист бр.208 за КО Вранинци.

6.Согласно член 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планска документација да се изврши вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден објект со намена за лесна и незагадувачка индустрија Г2-6 (винарија), означен како зграда 5, изграден на КП бр.854/2 КО Тркање, запишана во Имотен лист бр.1062 за КО Тркање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани„.

Бр. 09-1526/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02), а во врска со член 3 став 1 точка 4 и член 6 од Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности (“Службен весник на РМ” број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11 и 192/15), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 11.07.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на согласност на договор за примање на донација

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација за реализирање на проектот „ Реконструкција на ски лифтовите на Пониква“, согласно Договорот за реализација на проектот бр. 08-221/1 од 27.05.2019 година склучен помеѓу Министерството за локална самоуправа и Центарот за развој на источен плански регион и Договорот за заедничка реализација на проектот бр. 03-1264/1 од 10.06.2019 година склучен помеѓу Центарот за развој на источен плански регион и општина Кочани. Донацијата е обезбедена од Грантовата шема за инвестициски проекти финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа и е во вредност од 4.800.000 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1528/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02), а во врска со член 3 став 1 точка 4 и член 6 од Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности (“Службен весник на РМ” број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11 и 192/15), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 11.07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност на договор за примање на донација

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација од проектот „Зајакнување на општинските совети“ кој е финансиран од Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC), а спроведуван од УНДП (UNDP) и Општина Кочани.. Донацијата е обезбедена од страна на Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC) – Швајцарска амбасада и е во вредност од 50.000 швајцарски франци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1529/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02), а во врска со член 3 став 1 точка 4 и член 6 од Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности (“Службен весник на РМ” број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 61/04, 96/04, 67/07,156/09, 47/11 и 192/15), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 11.07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност на договор за примање на донација

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација за реализирање на проектот „Планински велосипедски рај“, согласно Договорот за подгрант бр. LRCP-1/18-SG-33 од 08.05.2019 година. Донацијата е обезбедена преку аплицирање од страна на општина Кочани до Проектот за локална и регионална конкурентност за добивање на средства од Вториот повик за предлози - Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите LRCP-1/18 и е во вредност од 23.381.497 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на

донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кочани“.

Бр. 09-1530/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ“, бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани

Член 1

По повод празникот на Општина Кочани, Денот Петровден,(12 јули), работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Кочани се продолжува за два часа во деновите: 11и 12 Јули2019 година, во деновите: 9 и 10.Август.2019 година, се продолжува за два часа, по повод одржувањето на Фестивалот Фридом Мјузик на локација „Споменик на слободата“ и во деновите: 02.и 03.Август 2019 година, се продолжува за два часа, по повод 2 Август – Ден на Републиката.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1531/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 166-з, од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 ,198/18 и 104/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11. 07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани за периодот од влегувањето во сила на оваа одлука до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 1532/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на членот 166-з, од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11. 07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани за периодот од влегувањето во сила на оваа одлука до 31.08.2019 година, изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 1533/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11. 07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на времено користење дел од недвижна ствар,сопственост на општина Кочани на Сектор за внатрешни работи Штип- Полициска станица Кочани

Член 1

Со оваа одлука на Секторот за внатрешни работи Штип- Полициска станица Кочани, се дава на времено поткористење за период од 2 (две) години, без надомест, недвижна ствар- објект Зграда 1 /Пр –КП бр.11072/1,Евидентен лист бр.14501, површина 199,03, корисник Општина Кочани.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 1537/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11. 07.2019 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на времено користење дел од недвижна ствар,сопственост на општина Кочани на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта- Скопје, без надомест

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта- Скопје, се дава на времено користење за период од 10( десет) години, без надомест, дел од недвижна ствар- (една просторија од објект во „Градски пазар"), сопственост на општина Кочани, со површина од 07,43 м2, на КП бр. 9720, КО Кочани, запишан во ИЛ бр.13185, 1 кат .

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09- 1538/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Информација за заштита на почвата (експлоатација на глина и песок) на подрачјето на општина Кочани

I

1. Се усвојува Информацијата за заштита на почвата (експлоатација на глина и песок) на подрачјето на општина Кочани.
2. Советот на Општина Кочани бара од Министерството за економија квартални извештаи за количините на испумпаната геотермална вода од бунарите и информација за тоа дали искористената вода се реинјектира назад во постоечките бушотини
3. Советот на Општина Кочани бара од Министерството за економија да се вршат редовни контроли на испумпаните количини геотермална вода на месечно ниво

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09- 1497/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02),Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за состојбата со боровиот четник на подрачјето на општина Кочани

I

1. Се прифаќа Информацијата за состојбата со боровиот четник на подрачјето на општина Кочани.
2. Доколку има потреба да се побара помош од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со третирањето на боровиот четник на подрачјето на Општина Кочани

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1498/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 20-б, став 2, од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. гласник на Општина Кочани“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во КЈП „Водовод“ – Кочани за 2019 година

I

1.Се дава согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во КЈП „Водовод“ – Кочани за 2019 година, изготвен на 31.05.2019 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 1501/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација

на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за период од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година

I

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за период од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1502/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2019 година

I

1. Се усвојува Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2019 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1503 /1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2019 година

I

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2019 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен

гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1504/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Локален акциски план за образование на роми во Општина Кочани 2019-2021

I

1. Се усвојува Локален акциски план за образование на роми во Општина Кочани 2019-2021.
2. Локалениот акциски план за образование на роми во Општина Кочани 2019-2021, да се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр09-1507/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

**ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ**
**2019 – 2021 ГОДИНА**

**Кочани, Јули 2019 година**

I.

## Вовед

Во согласност со потребата од усогласување на националните и локалните политики насочени кон ромската заедница, Општина Кочани пристапи кон изработка и усвојување на Локален акциски план за образование за Роми.

Со овој документ се уредуваат заложбите, мерките и препораките на Општина Кочани, насочени кон подобрување на учеството на Ромите во воспитно образовниот процес, вклучувајќи ги правата, одговорностите и надлежностите на сите засегнати страни кои учествуваат во образовниот процес, поради усогласување на реалните потреби на заедницата и политиките за образование на локално ниво.

**Стратешки цели на овој ЛАП се:**

Да се воспостават механизми за усогласување на националните и локалните институционални политики за подобрување на соработката на сите засегнати страни поради масовно вклучување на Ромите во образовниот процес на локално ниво.

Да промовира и да создаде услови за поефикасно застапување на проблемите, потребите и приоритетите на Ромската заедница во насока на подобрување и унапредување на правата и одговорностите на Ромската заедница во делот на надлежностите на овој ЛАП.

Да се овозможи институционализација на приоритетите, проблемите и потребите на учениците и родителите од ромската заедница во рамки на генералните политики и програми на локално ниво, (инкорпорирање на стимулативни мерки во рамки на програмата и Буџетот за образование на Општина Кочани наменети за Ромите).

**Специфични цели и задачи на овој ЛАП се:**

Да ги дефинират реалните проблеми и потребите на заедницата во Општината, оценети како висок приоритет за подобрување на општата образовна состојба и процесите за вклучување на заедницата во образовниот процес.

Да предложи, креира и имплементира мерки и активности со сите засегнати страни и во сите нивоа на образовниот процес, кои ке одговараат на реалните проблеми и потреби на ромската заедница.

Да обезбеди објективен, навремен и континуиран приказ за состојбите во образованието и вклученоста на Ромите во образовниот процес.

Препораките, забелешките и заклучоците да бидат советодавни за секоја образовна институција на локално ниво и за институциите во надлежност на државата.

II. Програмски активности

| Бр. | Мерка / Активност | Очекувани резултати | Период на имплемента ција | Одговорна институција | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мерка 1: **Информативна кампања за родителите Роми за вклучување на ромските деца во предучилишното воспитание.**<br>Активност 1. Да се организираат 2 едукативни работилници на годишно ниво за родителите Роми.<br>Активност 2. Да се организираат 2 предавања на годишно ниво од страна на градинките и стручните служби со родителите Роми за развој на животни вештини и стилови. | Зголемен бројот на вклучени ромски деца во градинките во Општина Кочани<br>Одржани 6 едукативни работилници за родителите Роми.<br>Одржани 6 предавања со родителите Роми за развој на животни вештини и стилови. | 2019 – 2021 година | МТСП – преку овластен претставник во соработка со ЈУ Детска градинка „Павлина Велјанова“ од Кочани;<br><br>Општина Кочани – Одделение за јавни дејности, Референт за односи со етничките заедници;<br><br>Родители Роми<br><br>Ромски невладини организации | Општина Кочани<br><br>МТСП со средста од Буџетот на РСМ,<br><br>Домашни и меѓународни организации.<br><br>Бизнис сектор на локално ниво |
| 2. | Мерка 2. **Подигање свеста на родителите Роми за важноста на македонскиот јазик и родителската одговорност за подобрување на успехот и редовноста во наставата на учениците Роми во основното и средното образование во општина Кочани.**<br>Активност бр.1 Организирање на работилници (годишно) за основно и средно образование со родители Роми, за значењето и важноста на образовниот процес и користење на македонскиот јазик. | Подобрена комуникација и разбирање на наставниот кадар и учениците Роми во основното и средното образование<br>Зголемена редовноста и успехот на учениците Роми во основното и средното образование во Општина Кочани | 2019 – 2021 година | Стручни соработници и наставници во основно и средно образование<br>НВО<br>Одделение за јавни дејности при Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Активност бр.2 Организирање работилници (годишно) за основно и средно образование со родителите Роми, за родителска одговорност, како и за зајакнување на родителската улога во процесот на подобрување на успехот и редовноста во наставата. | | | | |
| 3. | Мерка 3. **Отворање на Центар за образовна поддршка и помош на децата Роми од одделенска настава во општина Кочани.**<br>Активност бр.1. Обезбедување на финансиски средства за:<br>- отворање и функционирање на центарот за образовна поддршка во заедницата (простор, нагледни средства, материјали, стручни лица);<br>- обезбедување на кадар од македонска и ромска заедница;<br>- подготовка на програма за работа за центарот за образовна поддршка и помош на децата од одделенска настава (оваа компонента ќе се спроведува во координација со основните училишта во Општината);<br>- презентација на позитивни примери и поддршка на учениците со стимулативни мерки (оваа компонента ќе се спроведува во соработка на Општина Кочани и Ромски невладини организации. | Подобрен успех на учениците од одделенска настава во основното образование во Општина Кочани<br>Подобрена редовноста, знаењето и вештините на учениците Роми во основното образование во Општина Кочани<br>Зголемена подготвеност за премин на децата Роми од одделенска во предметна настава во основното образование | 2019 – 2021 година | Општина Кочани<br><br>НВО | **ЕУ фондови, РЕФ**<br><br>**Други домашни и меѓународни организации и донатори** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Мерка 4. **Иницијатива за зголемена можност за запишување на учениците Роми во сите средни училишта во општина Кочани (креирање и спроведување на план за целосен опфат на учениците Роми во средното образование – да се внимава на целосен премин од основно во средно образование.**<br>Активност бр1. Организирање на средби во основните училишта со учениците и родителите Роми.<br>Активност 2. Креирање и оддржување на релевантна дата база податоци со точна евиденција за ученици Роми и нивните семејства во основното и средното образование, како и евиденција за децата кои не се вклучени во образовниот процес. | Поголем (целосен) опфат на ученици Роми во основните и средните училишта во општина Кочани.<br><br>Се води евиденција за секој ученик во основното и средното образование со релевантна дата база податоци. | 2019 – 2021 година | Општина Кочани<br><br>Биро за развој на образованието<br><br>НВО сектор<br><br>Ромски образовен медијатор | Општина Кочани<br><br>Други домашни и меѓународни организации и донатори |
| 5. | Мерка 5. **Намалување на бројот на малолетничките бракови кај Ромската заедница во општина Кочани.**<br><br>Активност бр.1. Организирање на работилници на годишно ниво во основните и средните училишта во општина Кочани<br>Активност бр.2. Организирање на Трибина за превенција од малолетнички бракови и предвременото напуштање на образованието (по една во трибина годишно – во организација на средните училишта). | Намален број на малолетнички бракови кај деца од Ромската етничка заедница.<br>Намален број на ученици од Ромската заедница со незавршено основно и средно образование. | 2019 – 2021 година | Општина Кочани<br>Педагошко – психолошка служба во училиштата<br>Здравствени работници<br>Ромски НВО<br>Ромски образовен медијатор<br>Биро за развој на образованието<br>Меѓуопштински центар за социјална работа -Кочани | Општина Кочани<br><br>Други домашни и меѓународни организации и донатори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Мерка 6: **Информативна кампања во средните училишта за упис на факултет на средношколците Роми од општина Кочани.**<br><br>Активност 1. Презентација на програми и поволности на Универзитети во средните училишта во општина Кочани<br><br>Активност 2. Идентификување (следење) на заинтересирани средношколци Роми од општина Кочани за упис на факултети<br><br>Активност3.Информирање за можностите и програмите за стипендирање на студенти Роми од општина Кочани. | Зголемена информираност на средношколците Роми за упис на факултетите на УГД Штип и други високообразовни институции.<br><br>Идентификувани се сите средношколци Роми од општина Кочани со подобар успех за нивна подготовка за упис на факултет .<br><br>Зголемен број на информирани и запишаните студенти Роми. | 2019-2020 година | Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор<br><br>Ромски невладини организации<br><br>Средни училишта во општина Кочани | Општина Кочани<br><br>Ромски невладини организации |
| 7. | Мерка 7: **Доделување стипендии на запишани студенти Роми од општина Кочани на факултет**<br><br>1.Активност: Објавување на конкурс за доделување на стипендии од Општина Кочани<br>2.Активност: Доделување на стипендии на запишани студенти Роми од Општина Кочани на факултет, најмногу 5 (пет) стипендии за студенти од Ромската етничка заедница (за 1 студиска година) според услови и постапка утврдени со Правилник за доделување стипендии на студенти жители на општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани. | Стипендирани се сите запишани студенти Роми од Општина Кочани (максимум до 5 студенти) | Октомври-Ноември 2019 и 2020 година | Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор<br><br>Ромски невладини организации | Општина Кочани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | <u>Мерка 8:</u> **Обезбедување и доделување на училишен прибор и поддршка на учениците во одделенска настава од социјален ризик во основно образование во општина Кочани.**<br><br><u>1.Активност:</u> Идентификување на број на деца во социјален ризик во основните училишта во општина Кочани<br><u>2.Активност:</u> Селекција на децата во социјален ризик во основните училишта во Општина Кочани<br><u>3.Активност:</u> Доделување и дистрибуција на училишен прибор на децата во социјален ризик во основните училишта во Општина Кочани. | Намален осипот на учениците во социјален ризик во основните училишта во општина Кочани<br>Доделен училишен прибор на околу 100 ученици во социјален ризик во Општина Кочани<br>Подобрени се условите за посетување на настава и активно учество во образовниот процес. | Септември – Октомври 2019 и 2020 година | Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор<br><br>Ромски невладини организации<br>Бизнис сектор | Општина Кочани<br><br>Бизнис сектор<br><br>Ромски невладини организации<br><br>Донатори |
| 9. | Мерка 9. Подготовка и имплементација на програма за вклучување во основно образование на децата кои не се вклучени во воспитно образовниот процес<br><br>Активност бр.1. Идентификување на деца кои не се вклучени во воспитно образовен процес<br>Активност бр.2. Изготвување на програма за вклучување во основно образование на децата кои не се вклучени во воспитно образовниот процес<br><br>Активност бр.3 Пилот имплементација на програма за вклучување во основно образование на децата кои не се вклучени во воспитно образовниот процес . | Целосен опфат на децата во основното образование .<br><br>Изготвена и одобрена програма од Министерството за образование и наука.<br><br>Детална евиденција за секое дете кое не посетува настава и евиденција за секое вклучено дете во образовниот процес. | 2019 – 2021 година | БРО<br>МОН<br>ЕЛС Кочани<br>НВО<br>Ромски образовен медијатор<br>Ромски невладини организации | Домашни и меѓународни организации и донатори<br><br>Општина Кочани<br><br>Бизнис сектор |

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Стратегија за млади на Општина Кочани 2019-2023

I

1. Се усвојува Стратегија за млади на Општина Кочани 2019-2023.
2. Стратегија за млади на Општина Кочани 2019-2023, да се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1508/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

# Општина Кочани

„Најдете потреба и пополнете ја. " - Рут Стафорд Пил

"Младите  се среќни затоа што имаат капацитет да ја видат убавината. Секој кој ја одржува способноста да ја види убавината никогаш не старее". - Франц Кафка

Стратегијата за млади на Општина Кочани ја изработиле:

Стојан Рашков – Младински активист

Мустафа Саидов – Претседател на ЦККЕР „Светла иднина“ Кочани

# Општина Кочани

„Најдете потреба и пополнете ја. " - Рут Стафорд Пил

"Младите се среќни затоа што имаат капацитет да ја видат убавината. Секој кој ја одржува способноста да ја види убавината никогаш не старее". - Франц Кафка

Стратегијата за млади на Општина Кочани ја изработиле:

Стојан Рашков – Младински активист

Мустафа Саидов – Претседател на ЦККЕР „Светла иднина“ Кочани

## ИЗРАЗУВАЊЕ НА БЛАГОДАРНОСТ

ЦККЕР „Светла иднина“ Кочани застапувано од лицата Мануела Саидова и Сибелџан Латифова – вклучен персонал во проектот „Младите успеваат заедно“, изразуваат огромна благодарност до членовите на младинската акциона група – МАГ, кои посветија многу време, труд, активизам и ентузијазам во целиот процес на изработката на овој документ и во реализација на сите активности од проектот „Младите успеваат заедно“финансиски поддржан од Проектот на УСАИД за граѓанско учество.

Огромна благодарност од страна на ЦККЕР „Светла иднина“ Кочани за големата поддршка на Општинските средни училишта од општина Кочани.

Огромна благодарност за поддршката од Општина Кочани и Градоначалникот на Општина Кочани Г-дин Николчо Илијев, за неговата посветеност и поддршка во целиот процес на имплементација на проектот „Младите успеваат заедно“.

## СОДРЖНИНА

1. Користени кратенки и објаснување на методологија ........................................5

2. Вовед во стратегијата ........................................................................................7

3. Визија на стратегијата ...................................................................................... 9

4. Опис на проблемите и дефинирање на стратешките насоки на стратегијата ....................................................................................................... 9

5. Принципи и вредности во процесот на имплементација на стратегијата за млади на Општина Кочани ............................................................................ 12

6. Методологија ................................................................................................... 13

7. Стратешки цели на стратегијата за млади .................................................... 14

8. Цели и задачи на стратегијата за млади ....................................................... 15

9. Долгорочно очекување на статегијата ......................................................... 15

10. Стратешки приоритети и мерки на Оштина Кочани за младите до 2023 година ................................................................................................................ 16

11.Акционен план за имплементација на Локалната Младинска Стратегија ............................................................................................................................ 20

12.Мониторинг и еваулација ............................................................................ 30

## Користени кратенки и објаснување на терминологија

**Млади** – под терминот „млади” во Република Македонија се подразбира посебна социо-етичка категорија на населението на возраст од 15 до 30 години, која е особено ранлива на социо-економските промени во општеството.

**Младите кои се целна група** на Стратешкиот план за млади на општина Кочани се сите лица на возраст од 15 до 30 години, кои живеат на територијата на општина Кочани, без оглед на полот, расната и националната припадност, религиското и политичкото определување, сексуалната ориентација, социјалниот статус, како и хендикепираноста. Младите луѓе во општина Кочани се активни и пасивни поединци/ки, а можат да бидат здружени во неформални групи, организации на младите, клубови и други форми на здружување.

**Организација** е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организациски облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани во согласност со одредбите на Законот за здруженијата и фондациите.

**Организации на млади** се организациите регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, чија целна група се младите.

**Младински организации, се** организации формирани од младите во кои носители на активностите се младите.

**Стратегија за млади на Општина Кочани** – претставува основен стратешки документ (младинска политика) на младите во општина Кочани, преку кој младите препознаваат можност за поголемо младинско учество во локалните процеси за донесување политики и зајакнат младински активизам.

**Младинска политика,** претставува збир на правила, приниципи, вредности, ставови и однесувања, инкорпорирани во применливи мерки и акции кои имаат за цел да го подобрат квалитетот на живот на младиот човек и да создадат платформа за ефективна комуникација и соработка на младите со сите чинители на општеството.

**Младинско учество,** претставува консултативен процес во донесување на одлуки кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес, иако специфичното младинско учество се уште не е законски регулирано.

**Младински активизам,** претставува видлив ангажман, организиран по слободно убедување од страна на младите со цел да дадат свој придонес за социјални промени во заедницата или нивното поблиско опкружување.

**МАГ (Младинска акциона група)** – е неформална младинска група, формирана од младински активисти кои се членови на сите активни формални и неформални младински групи кои функционираат и делуваат во општина Кочани.



## I. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИЈАТА

**Стратегијата за млади претставува многу важен документ на локално ниво**, од кој се очекува регулирање на односите помеѓу младите и сите други чинители во општеството, со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на Општината како носители на политиките на локално ниво, понатаму локалната заедница, како и бизнис секторот, кои треба да ги препознаат потребите на младите и во согласност со своите можности да одговорат на истите. Се очекува дека овој документ ќе биде препознатлив како „документ на младите“, кој пред се ќе кореспондира со реалните проблеми и потреби, а ќе обезбеди и конструктивна дебата помеѓу младите и локалните власти во процесот на имплементација на активностите на овој документ, што директно ќе значи вклучување на младите во процесот на донесување политики на локално ниво.

**Младите се нашата иднина,** е познатата изјава на креаторите на политики на национално и локално ниво – посочувајќи ја грижата за младите во процес на остварување на одредени политички или други општествени агенди, младинските потреби во рамките на овие агенди континуирано изостануваат. Проблемите и потребите на младите се третираат во дел од Програмите на општината за култура, спорт, социјала, образование и други. Тие предвидени активности и мерки не се доволни и недоволно предизвикувачки за активно вклучување на младите за креирање на сопствени политики.

**Проблемите со кои се соочуваат младите на локално ниво**, како и нивото на нивно организирање се индикатори кои не насочуваат во изработката на овој документ. Општина Кочани има капацитет и ресурси за справување со младинските потреби но досега нема донесено официјален документ – Стратегија за млади. Недостигот од стратегија делумно е резултат и од недоволната иницијативнот на младите и младите и младинските организации но и давањето приоритет и третирање на други проблеми кои се од витално значење на општината.

**Предлог-стратегијата за млади** е резултат на повеќе одржани средби со млади и преку непосредно разгледување на најгорливите предизвици и проблеми со кои се соочуваат младите и изготвување на предлози за нивно ефикасно надминување. Се констатираше дека е неопходна потесна соработка помеѓу младите, невладиниот сектор и државните институции, пред се' со локалната самоуправа. Веруваме, а и нашето искуство го потврдува тоа, дека помеѓу младите постојат идеи за сериозен општествен напредок, кои се реални и остварливи, а како такви можат да одговорат на предизвиците на денешницата.

**ЦККЕР„Светла Иднина'' од Кочани,** преку проектот „Младите успеваат заедно" поддржан од проектот на УСАИД за граѓанско учество, континуирано работеше со младите на локално ниво. Преку формални и неформални средби, формирање на (младинска акциона група) - МАГ, работилници со фокус групи, обуки за јакнење на капацитетите на младите, масовни еколошки акции, истражувањето за состојбите во делот на младинскиот активизам и младинското учество и многу други активности со конкретни препораки и индикатори, се активностите преку кои се дојде до конкретни насоки за развивање на овој предлог документ.

## II. ВИЗИЈА

Општина Кочани е единица на локалната самоуправа во која младите се нашата сегашност. Проблемите и потребите на младите се наш врвен приоритет на кои делуваме сега и веднаш со нивна поддршка и како креатори на политиките за млади.

Визијата претставува јасна слика за целите и насоките за успешна реализација на стратегијата.

Визијата ќе се обезбеди со **почитување на принципите и градење на соработка помеѓу сите активни чинители на локално ниво и локалната самоуправа. Зголемување на финансирањето на младински проекти, зголемување на капацитети на младите на локално ниво, како и развивање на административно-оперативните капацитети на Општина Кочани за поефикасен младински активизам и младинско учество.**

## III. ОПИС НА ПРОБЛЕМИТЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ НАСОКИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегија за млади на Општина Кочани, претставува документ во кој младите, без разлика на нивната етничка, социјална, полова и друга општествена припадност ги препознаваат своите потреби и активно се вклучуваат во процесот на креирање на локални политики, како креатори на политиките за млади.

Стратегијата за млади треба да биде водилка за младите, но и за креаторите на политики на локално ниво. Создавањето на квалитетни предуслови, посветеноста на највисоките раководни структури и мотивираноста на засегнатите страни за учество во процесот, се главните фактори за успешно стратешко планирање и решавање на најгорливите проблеми на младите.

Во согласност со добиените анализи од истражувањата за состојбите со младинскиот активизам и младинското учество, од анкетирани 200 испитаници, се констатира дека младите имаат негативна перцепција за

создавање поволна средина за младинското учество од локалните власти, т.е околу 40% од младите кои учествувале во овој процес, дале категоричен **негативен одговор**, а дури 44 % се изјасниле со **не знам** што покажува одредена незаинтересираност или претставува основа за воочената пасивност на младите на локално ниво за теми кои се значајни за нив. Само 16% дале **афирмативен одговор, или потврдиле дека на локално ниво постои поволна средина за младинско учество.**




Ова е сериозен индикатор за локалните власти да започнат нова или да ја модифицираат досегашната методологија на процесот за креирање локални политики за млади со цел да се создаде поволна средина за поттикнување на младинскиот активизам во општина Кочани. Во оваа насока особено внимание привлекуваат одговорите на прашањето **Дали локалните власти имаат интерес да ги информираат младите за креирање политики**?, при што се констатира дека дури **43%** од младите сметаат дека локалните власти **немаат интерес** да ги информираат, односно да ги вклучуваат младите во процесите за креирање локални политики, додека 21% од младите се изјасниле со модалитет **не знам**.

Во една таква ситуација оправдано се констатира дека младинските политики и младинското организирање на локално ниво не е доволно застапено, што практично значи многу мало учество на младите во процесите на донесување на одлуки и многу мала заинтересираност на сите релевантни страни за унапредување на положбата на младите во

општина Кочани.




Во средина во која неопходно е да се развива младинскиот активизам на локално ниво, треба да се започне со реалистичен пристап и во согласност со постоечките можности.

Со отпочнувањето на подготовката за изработка на овој документ најнапред се воспостави соработка со граѓанскиот сектор на локално ниво, при што предлозите од младите беа систематизирани. Дел од идеите кои имаа можност за брза реализација беа вградени во буџетските програми на Општината. Во оваа фаза се покажа дека општина Кочани има голем младински интелектуален, идеен и креативен потенцијал кои можат активно да бидат вклучени и дадат свој придонес во заживување на стратегијата за млади.

Општина Кочани треба и е неопходно да стимулира програми за подобрување на неформалното образование, културни настани, забава, спорт и рекреација и сето она што претставува основна потреба за еден млад човек да се развие во сигурна и просперитетна личност. Не помалку важни се активностите за развивање на комуникацијата и размената на искуства со врсниците од други земји која придонесува за изградба на силни личности како индивидуи со повеќе знаења и вештини, способни самостојно да конкурираат на пазарот на трудот. Токму ваквите општествени потреби беа и се основниот мотив за изготвување на

стратегијата за млади на Општина Кочани која треба да биде темел на една поширока лепеза на активности, како би дошло до поголема интеракција на младите во општеството, усвојување на искуства од други земји и нивно приспособување и примена кај нас.

## IV. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИМЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Во процесот на реализирање на стратешките приоритети и мерки за остварување на визијата на Општина Кочани во делот на соработката со младите и нивното учество во имплементацијата на овој документ, во периодот 2019-2023 ќе се раководиме според следниве принципи и вредности:

- **Рамноправност -** Општина Кочани ќе се залага сите млади да имаат рамноправен пристап и еднакви шанси, да бидат навремено информирани, да создаде услови за личен развој, доживотно учење и вработување во согласност со воочените потреби, приоритети и способности на младите. Силно ќе се залага и посвети за почитување на родовата и меѓуетничката рамноправност, недискриминација, како и слободата на изразување кај младите и почитување на нивното достоинство.
- **Мултикултурализам** – Општина Кочани ќе овозможи почитување на различностите во сите области на општественото делување, толеранција, афирмација и развивање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите.
- **Транспарентност** – Општина Кочани ќе промовира високо ниво на информирање за услугите со кои располага и се нудат до јавноста, како и процедурите според кои се извршуваат и критериумите според кои истите се обезбедуваат. Општината ќе обезбеди видливост во насока на препознавање на проблемите и потребите на младите од страна на целокупната локална заедница.
- **Отчетност** – Отчетноста подразбира годишен извештај од Програмата за млади, редовно објавување на веб страната и фејсбук профилот на Општина Кочани за реализираните програми, проекти, мерки и активности, посебно на оние кои се однесуваат на младите во општина Кочани.

- **Активно учество на младите** – Општина Кочани ќе се залага да обезбеди целосна поддршка на младите при нивното учество и носење на одлуки вомладинските организации и клубови, учество во носење одлуки за прашања што ги засегаат младите за прашања што нив ги засегаат во рамките на локалните институции и организации, развој на механизми за учество кои се стремат кон намалување на пречките  за младите да бидат слушнати од оние кои ги носат одлуките.. Ќе овозможи и обезбеди достапност на сите ресурси на младите и ќе обезбеди услови за зачувување на здравјето на младите и квалитетно поминување на слободното време.
- **Одговорност** – Општината ќе ја поттикнува и ќе ја развива одговорноста на оние кои работат со младите, како и одговорноста на младите во согласност со нивните можности.
- **Солидарност** – Општина Кочани ќе ѓи поддржува и развива сите форми на солидарност, со цел да се развие чуството на социјална кохезија помеѓу младите. Во општината се поттикнуваат сите облици на генерациска солидарност, култура на ненасилство и толеранција помеѓу младите.
- **Соработка** – Општина Кочани  ќе се посвети на младинска поддршка преку која ќе обезбедува слобода на здружување и соработка помеѓу младите на локално, национално и  меѓународно ниво.

## V. МЕТОДОЛОГИЈА

Во насока на успешно инкорпорирање на стратегијата за млади во рамки на локалните политики на Општината, успешна имплементација и очекувано долгорочно влијание на овој документ, од голема важност претставува процесот на непосредна комуникација со младите и со сите младински и граѓански здруженија кои се занимаваат со младински политики. Во понатамошниот тек на процесот, откако беше добиена поддршката од граѓанскиот сектор и младите, се спроведе истражување во кое учествуваа околу 200 млади на возраст од 16-29 години, што претставува репрезентативен примерок од околу 12%, според пописот од 2002 година, а методологијата или пристап продолжи со континуирани јавни дебати во помали или поголеми групи.

На самиот почеток основна цел беше формирање стабилна младинска структура во која учествуваат млади од општината, а се членови на повеќе формални или неформални младински организации.  Процесот продолжи

со јакнење на капацитети на младите, за активно учество и придонес во развивање на идеи и младински иницијативи кои во најголем дел се инкорпорирани во овој документ.

Процесот на изработка на стратегијата за млади на Општина Кочани продолжи со координирана соработка помеѓу надворешните екперти, младите и тим од општинската администрација. Преку отворена дебата за усогласување на политиките и предложените стратешки приоритети и мерки во стратегијата, а со цел да се зголеми фокусираноста и одговорноста во процесот на имплементација се реализираа повеќе такви средби и консултации, од кои најмалку една со градоначалникот на Општината.

## VI. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЛАДИ

- Воспоставување институционален дијалог помеѓу општината и младите со цел развој на младински прашања и создавање и фунцкионирање на локален совет на млади.
- Активно учество на младите во општествените процеси и нивен партиципативен пристап преку јакнење на младинскиот активизам и јакнење на капацитетите на младите во насока на нивно застапување и креирање на политики.
- Подигнување на нивото на неформално образование во основните и средните училишта со крајна цел стимулација за поддршка за вработување на младите, следење и примена на новите законски решенија во делот на законот за млади, социјалното претприемништво и волонтерство.

## VII. ДОЛГОРОЧНО ОЧЕКУВАЊЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА

Севкупните активности од имплементацијата на овој документ ќе бидат насочени кон поддршка на постоечките формални и неформални младински организации и мрежи, при што Општина Кочани ќе се залага за зајакнување на истите со цел да бидат промовирани како платформа преку која младите слободно ќе се изразуваат, односно ќе функционираат како коректив на сите локални политики во кои младите би требало да имаат

свое учество. Таквото очекувано влијание се темели на имплементација на мерките за подигнувањето на мотивацијата кај младите и ослободување од силната апатија во општеството, преку развиени и воспоставени форми на дијалог и комуникација.

Оваа стратегија е предвидена да се имплементира во период од 2019-2023 година и претставува стожер на зајакнување на односите помеѓу Општина Кочани, младите и младинските организации. Соработката е од огромно значење за целосна вклученост на младите.

## VIII. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ЗА МЛАДИТЕ ДО КРАЈОТ НА 2020 ГОДИНА

Стратешките приоритети, во стратегијата за млади се засновани на три столба. Трите столба ги претставуваат насоките и мерките кои треба да се имплементираат за младите на локално ниво. Самата имплементација на истите го вклучува целиот инклузивен процес помеѓу младите и Локалната самоуправа.

- Прв столб : Буџет за млади
- Втор столб : Развој на капацитети
- Трет столб : Квалитетни услуги и поголема достапност за младите.

### Столб 1 : Буџет за млади

Планирањето на буџетот и одвојување на посебна ставка за млади со цел имплементација на стратегијата, претставува појдовна позиција за развој на младинскиот активизам и учество на младите во процесот на донесување политики, како креатори за младинските политики на локално ниво.

За оваа цел неопходно е да се има визија и однапред да се планира за процентуално и прогресивно зголемување на оваа ставка во Буџетот на Општината. Во првата година, 2019-та, ќе се предвидат и реализираат активности за млади од другите постоечки Програми на Општина Кочани.

За 2020 година заради остварување на стратешките цели ќе се изготви Програма за млади со сопствен буџет изгласан од Советот на Општина Кочани. Буџетот за млади во 2020 година се планира да изнесува до 1% од Буџетот на Општина Кочани, а ќе се остави простор за зголемување или намалување на истата ставка од буџетот на Општина Кочани во согласност со препораките од процесот на евалуација на стратегијата која ќе се спроведе во Декември 2020 година. Буџетот ќе се одредува секоја наредна година според потребите на младите и можностите на Општина Кочани.

Определениот буџет треба го зголеми младинскиот активизам, да придонесе за вклучување на бизнис секторот во заедничко финансирање на проекти заедно со локалната самоуправа, како и аплицирање до странски донатори за дополнителна финансиска помош за успешно имплементирање на предвидени проекти и активности.

Секако зголемувањето на буџетските средства ќе значи и поголема поддршка за маргинализираните групи на млади и нивна инклузија во општествениот живот преку проекти со кои би станале активни партиципанти на локално ниво.

Во овој дел посебно се истакнува издвојување на буџет за младите Роми кој ке биде наменет за подобрување на нивните образовни квалификации за поголема конкуретност на пазарот на труд во сите сфери од општественото делување.

## Столб 2 : Развој на капацитетите на младите

Оваа компонента првенствено претставува изградба на активни и пред се долгорочни и оддржливи организации на млади, како имплементатори/креатори на политиките за млади на локално ниво.

Во овој контекст неопходна е потребата од активирање на Локален младински совет како репрезентативно тело на младите на локално ниво.

Се очекуваат нови законски измени за работата на Локалниот младински совет.

При формирањето на новиот Локален младински совет да се почитуваат принципите на инклузивност и плурализам што значи да се даде можност дел од советот да бидат членови на различни младински организации, средношколски и студентски форми на здружување, подмладоци на политички партии, спортски и културни друштва.

Многу важен критериум за успешно функционирање на Локалниот младински совет е можноста младите сами да избираат свои претставници, наместо досегашната пракса да бидат назначувани директно од локалната администрација. Само на таков начин ќе се обезбеди процес на транспарентно делување на оваа тело што ќе придонесе до јакнење на младинскиот активизам на локално ниво.

Во овој контекст, а со цел да се „долови“ важноста од инклузивен пристап на младите при формирање на локалниот младински совет, одговорот го добиваме од самите млади како резултат на прашањето - Дали во Општина Кочани постои или функционира локален младински Совет ?, во рамки на истражувањето за младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво. Во трите графикони прикажани подолу, може јасно да се види дека младите од Кочани не се информирани или пак не знаат дали има таков вид на младински совет.












Развој на капацитетите има за цел конечно да изнајде решение за „Brain drain'' (одливање на човечки ресурси) ситуацијатата односно нејзино намалување со нови современи политики пример „Младинска гаранција''. Сето ова ќе се имплементира со планирање и спроведување на обуки, а пред сѐ формирање на Младински центар кој ќе биде локалниот бренд,

чадор и мотиватор за развој на сите капацитети на локално ниво.

Како дел од центарот за млади ќе постои социјално претприемништво и за негово функционирање ќе бидат ангажирани млади кои имаат силно искуство и познавање во оваа област.

Ова ќе претставува силна можност за вклучување на младите со пречки во развојот, а ќе добијат место каде ќе се стекнат со дополнителни вештини. Најголем дел од оваа маргинализирана целна група, после своето основно образование го завршуваат образовниот процес, а со тоа и нивната активност во општеството.

Како дел од Младинскиот центар би се формирал тим за меѓународна младинска соработка за кариера, знаења и услуги кој ќе биде финансиран од првиот столб. Овој сегмент ќе претставува канал за комуникација помеѓу младите и модел за квалитетни европски услуги на локално ниво.

## Столб 3: Квалитетни услуги и поголема достапност за младите

Услугите како стожер помеѓу младинските организации и локалната самоуправа треба да биде преку воспоставување на добри односи помеѓу активните чинители во овие процеси со идентификување и подобрување на бројот на квалитетни младински услуги на Општина Кочани.

За оваа цел неопходни се следниве мерки:

- Усвојување на стратегијата за млади од Советот на Општина Кочани
- Креирање на буџетска ставка – Програма за млади во Буџетот на Општина Кочани која ќе произлезе од стратегијата за млади, работата на младинскиот центар согласно акциониот план на стратегијата и работата и младинскиот совет на Општината, вклучувајќи и финансиска поддршка на процесот за креирање на оваа младинско тело.
- Систематизирање на работно место за работа со млади и младински политики во Одделението за јавни дејности при Секторот за правни и јавни дејности и општи работи во Општина Кочани.
- Отворање и поддршка на младински центар

# IX. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

## ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

**Столб 2 : Развој на капацитетите на младите**

**Програма 1. Јакнење на младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво**

**Активност 1. Отварање на младински центар во Општина Кочани**

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Да се обезбеди соодветна просторија (со надомест за закуп или со санација на една од локалните просторни капацитети). | Ноември декември 2019 | Општина Кочани | Локални невладини организации.<br>Младински организации (формални и неформални)<br>Локален младински совет (по неговото формирање)<br>Младинска акциона група – МАГ. | Обезбедени се минималните услови за младинско организирање на локално ниво. |
| 1.2 | Да се ангажираат млади за работен ангажман во центарот. (По договор за дело или волонтерски) | Декември 2019 | Општина Кочани | Младински активисти<br>Студенти/Дипломирани и невработени млади до 29 години. | Младите се поттикнати и мотивирани да учествуваат во локалните процеси со нивно активно учество и придонес. |
| 1.3 | Опремување на центарот со мултимедијална опрема и канцелариски мебел и отворање на центарот за млади. | Декември 2019 | Општина Кочани<br><br>Локални невладини организации | Сите млади од Општина Кочани | Младите се поттикнати и мотивирани да учествуваат во локалните процеси со нивно активно учество и придонес. |

**Столб 2 : Развој на капацитетите на младите**

СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

**Програма 1. Јакнење на младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво**

**Активност 2. Основање на (Web портал) платформа за информирање на младите** (мултимедијална платформа на младинскиот центар во координација со Општина Кочани). www.mladikocani.mk

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Изработка на web страна на волонтерска основа од страна на млади информатичари од Општина Кочани. | Октомври 2019 | Општина Кочани<br><br>Младинска акциона група – МАГ<br><br>Сите локални младински организации (формални и неформални) | Општина Кочани<br><br>Младинска акциона група – МАГ<br><br>Сите локални младински организации (формални и неформални)<br><br>Сите млади во Општина Кочани | Ќе се обезбеди објективна, навремена и меѓусебна комуникација и размена на информации на дневна основа во непосредна координација со Општина Кочани, агенцијата за вработување, агенцијата за млади и спорт и националниот младински Совет. |
| 2.2 | Хостирање и функционирање на страната. | Ноември 2019 | Општина Кочани | Општина Кочани<br><br>Младинска акциона група – МАГ<br><br>Сите локални младински организации (формални и неформални)<br><br>Сите млади во Општина Кочани | |
| 2.3 | Тековно работење и одржување на страната. | континуирано | Општина Кочани<br>Младинска акциона група – МАГ<br>Определена | Општина Кочани<br><br>Младинска акциона група – МАГ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | невладина организација . | Сите локални младински организации (формални и неформални)<br><br>Сите млади во Општина Кочани | |

**Столб 2 : Развој на капацитетите на младите**

**Програма 1. Јакнење на младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво**

**Активност 3. Организирање на кампањи** (за подигање на свесноста кај младите за активно вклучување во младински организации, подигање на свесноста за волонтирање преку проекти во Младинскиот центар како и поддршка за младински иницијативи).

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Изработка и печатење и дистрибуција на информативни и едукативни материјали за младите . | Континуирано 2019 – 2020 – 2021) | Општина Кочани<br><br>Локални младински организации<br><br>Национални младински организации | Сите младински организации (формални и неформални групи од Општина Кочани)<br><br>Сите млади од Општина Кочани | Зголемена е свесноста кај младите за проактивно вклучување во Општествените процеси.<br><br>Зголемена е свесноста на локалните институции за вклучување на младите во процесот на креирање политики на лопкално ниво, посебно оние политики кои ги тангираат младите. |
| 3.2 | Организирање на волонтерски активности (поддршка на програмите за здрава животна средина (активно учество и планирање на еколошки акции) во соработка со локалната самоурава и комуналното претпријатие. | Континуирано 2019 – 2020 – 2021) | Општина Кочани<br><br>Локални младински организации<br><br>Национални младински организации | Сите младински организации (формални и неформални групи од Општина Кочани)<br><br>Сите млади од Општина Кочани | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.3 | Поддршка на културните манифестации со директно учество на младите во планирање и реализација на истите). | Континуирано 2019 – 2020 – 2021) | Општина Кочани<br>Локални младински организации<br>Национални младински организации | Сите младински организации (формални и неформални групи од Општина Кочани)<br>Сите млади од Општина Кочани<br>Сите граѓани на Општина Кочани | |

**Столб 2 : Развој на капацитетите на младите**

**Програма 1. Јакнење на младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво**

**Активност 4. Организирање на обуки за јакнење на капацитетите на младите** (јакнење на вештините и знаењата на младите во Општина Кочани.

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1<br>4.2<br>4.3<br>4.4 | Организирање на обуки за градење тимови и лидерство<br>Организирање на обуки за застапување и лобирање<br>Организирање на обуки за стратешко планирање и изработка на ЕУ проекти и запознавање на законодавството на ЕУ<br>Организирање на обуки во основните и средните училишта во Општината за професионална ориентација и младински активизам. | Континуирано 2019 – 2020 – 2021) | Општина Кочани во соработка со основните и средните училишта<br><br>Локален младински Совет<br><br>Национален младински совет<br><br>Сите квалификувани и докажани локални организации . | Сите младински организации (формални и неформални групи од Општина Кочани)<br><br>Сите млади од Општина Кочани | Зајакнати се капацитетите на младите Зголемена е свесноста кај младите за проактивно вклучување во Општествените процеси.<br><br>Зголемена е свесноста на локалните институции за вклучување на младите во процесот на креирање политики на локално ниво, посебно оние политики кои ги тангираат младите. |

**Столб 2 : Развој на капацитетите на младите**

**Програма 1. Јакнење на младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво**

**Активност 5. Формирање на функционален Локален Младински Совет** како канал (младинско тело за застпување и комуникација помеѓу младите и локалните власти (носител на имплементацијата на Стратегијата).

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1<br><br>5.2 | Формирање на Локален младински совет (ЛМС)<br><br>Изработка на деловник за работа, план и програма за работа на ЛМС. | 2019-2020 | Општина Кочани<br><br>Локални младински организации<br><br>Младинска акциона група - МАГ | Сите млади од Општина Кочани<br><br>Младински организации од Општина Кочани | Овозможени се услови за организирано дејствување на младите на институционално ниво. |

**Столб 2 : Развој на капацитетите на младите**

**Програма 1. Јакнење на младинскиот активизам и младинското учество на локално ниво**

**Активност 6. Поддршка на иницијативи за фестивали, кампувања и слични младински настани**

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.1 | Организирање на младински фестивали, настани и спортски активности во летен и зимен период (во текот на годината) | Април – Јуни Ноември - Јануари 2019/20/21 | Општина Кочани<br><br>Младински Совет на Општина Кочани | Сите млади од Општина Кочани | Промовирање на младинскиот активизам, културни и други вредности од страна на младите.<br><br>Поттикнување и мотивирање на младите за нивн активно учество и планирање на такви настани од интерес на сите граѓани. |
| 6.2 | Организирање на (меѓународен) младински камп на Осогово во летниот период. (годишно еднаш) | Јули – Октомври 2020/21 | Младинска акциона група<br><br>Младински организации и неформални групи | | |
| 6.3 | Организирање на настани од млади Роми за промовирање на Ромската култура и традиција | Април / Септември 2019/20/21 | Ромски невладини организации | | |

**Столб 3: Квалитетни услуги и поголема достапност за младите**

**Програма 2. Директна финансиска поддршка на млади во Општина Кочани**

**Активност 1. Општински фонд за поддршка на млади таленти за учество на меѓународни натпревари и настани и поддршка на студенти Роми.**

**(специјален фонд за поддршка на младински иницијативи кои се спроведуваат со поддршка на ЕУ пддршка или поддршка од други меѓународни организации)**

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1<br><br>1.2 | Креирање на под - ставка за оваа намена во Буџетот на Општина Кочани.<br><br>Изработка на правилник за доделување на оваа финансиска поддршка на младите. | Декември 2019 за активности 2020 и 2021 година | Општина Кочани | Општина Кочани<br><br>Сите млади во Општина Кочани | Подобрување на квалитетот на услугите за млади од Општина Кочани во насока на нивно мотивирање и постигнување подобри резултати во нивниот образовен процес, но и на разни натпревари на домашно и меѓународно ниво. |

**Столб 3: Квалитетни услуги и поголема достапност за младите**

**Програма 3. Развој на капацитетите на Општина Кочани**

**Активност 2: Јакнење на работните вештини на младите и промоција на практикантството како стимулатвна мерка за младите и за локалните биснисмени**

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Организирање на платена пракса во бизнис секторот и локалните институции за ученици од средните училишта и студенти. | Мај - Јуни 2020, и 2021 година. | Општина Кочани<br><br>Локалниот бизнис сектор<br><br>Локалниот младински совет | Општина Кочани<br><br>Локалниот бизнис сектор<br><br>Локалниот младински совет<br><br>Сите млади во Општина Кочани | Подобрени се капацитетите и работните вештини на младите, остварена е поголема соработка и вклученост на бизнисмените во процесот на јакнење на младинскиот активизам. |

**Столб 3: Квалитетни услуги и поголема достапност за младите**

**Програма 3. Развој на капацитетите на Општина Кочани**

**Активност 3: подобрување на капацитетите на младите за вработување, и на спортските терени и рекреативни локации во општината и изградба на нови такви соддржини.**

| БР. | ПЛАНИРАНИ ПОД-АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА | ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1<br><br>3.2<br><br>3.3 | Да се изработи елаборат за идентификација на состојбата со спорткиите објекти со конкретни препораки и финансиски импликации за нивна целосна санација и ставање во функција.<br><br>Да се одредат локации во Општината каде недостасуваат такви објекти или површини и истите да се предвидат во ДУП .<br><br>Реновирање, санација и модернизирање на овие спортски центри-површини | Март – Јуни 2020 | Општина Кочани | Општина Кочани<br><br>Сите младински организации на локално ниво<br><br>Сите млади од Општина Кочани | Подобрување на условите за спорт и рекреација на младите |
| 3.4<br><br>3.5 | Да се развијат капацитетите на младите (градење на start up) заедница.<br><br>Да се организираат обуки за развој на компетенции на пазарот на труд | Март – Јуни 2020<br>Континуирано во целиот период на стратегијата до 2023 година. | Општина Кочани<br>Агенција за вработување<br>Младинскиот совет на локално ниво<br>Националниот младински совет | Општина Кочани<br><br>Сите млади од Оштина Кочани<br><br>Млади Роми со завршено средно образование | Изградени капацитети на младите за нивно вклучување на пазарот на трудот како компететнтни и конкуретни баратели на работа.<br>Промовирање на младинскиот сташ како можност за самовработување на младинските активисти. |

## X. Мониторинг и еваулација

Мониторингот на имплементацијата на Стратегијата за млади на Општина Кочани е голема потреба. Улогата на градоначалникот е да назначи одговорно лице од Општина Кочани што ќе формира тим за следење, координација и имплементација на Стратегијата за млади 2019-2023, како и да остварува континуирана соработка со сите младински организации, организира активисти со домашни и меѓународни институции и донатори за поддршка на стратегијата и младите во Општина Кочани.

Процесот на мониторинг и евалуација во рамки на Општината започнува со прибирање на информации од секторите во рамки на Општината кои се непосредно поврзани со процесот на имплементација на документот, ги консолидира извештаите за презентација пред Советот на Општина на годишно или периодично ниво, го следи целиот процес и внесува (идентификува) промени доколку се потребни во насока на целосно исполнување на стратешките цели на овој документ. Врши анализа преку изготување на прашалник и анкетирање за младите и младинските организации со цел да добие релеватни информации и податоци .

Со оглед на фактот дека 68% од младите не се активни во граѓанскиот сектор, односно не покажуваат интерес и за политичко ангажирање т.е 74% се изјасниле дека не се членови на политички партии, се покажува дека на локално ниво треба да се превземат мерки и активности во насока на поттикнување на граѓанскиот активизам кај младите преку организирани форми на дејствување и застапување на нивните интереси.
Се очекува таквиот организиран пристап кај младите да биде најкомпатабилен и авторитарен пристап во процесот на мониторинг и евалуација на овој документ, при што кај младите ќе се развие чуството за поголема самодоверба, поттик или мотив за нивно вклучување и давање придонес на процесот со нивни предлози, идеи и сугестии, а од друга страна ќе се овозможи вклучување на младите во процесот на донесување одлуки, а со тоа и создавање на еден документ кој постојано ке се надоградува и развива во интерес на младите од Општина Кочани.

Со цел да се обезбеди континуирано и ефикасно имплементирање на Стратегијата за млади, Општина Кочани и младинските организации ќе изготват план за следење и евалуација за спроведување на Стратегијата за секоја година засебно, кој како анекс на стратегијата ке се усвојува секоја година со донесување на Буџетот на Општината.

Планот би вклучувал:

а) **Годишен план на активности согласно стратегијата** со конкретни активности, финансиски импликации и засегнати страни, кој како таков ќе биде разгледуван од Градоначалникот и одобруван од Советот на Општината

б) **Годишен извештај** кој ќе се доставува до Градоначалникот и до Советот на општината за извршените активности и постигнатите цели во спроведувањето на Стратегијата со конкретни препораки и насоки за подобрување на имплементацијата и приказ на вкупно добиените и реализираните средства за изминатата година, во рамки на стратешкиот акционен план.

Во 2021 година процесот на мониторинг и евалуација на овој документ предвидува ревизија на стратешкиот акционен план и нова формулација на методологијата и процесот на мониторинг и евалуација. Таквата форма ќе се даде на одобрување на Советот на Општината.

Учеството на младите и младинските организации во овој процес е задолжителен.

ЦККЕР
"СВЕТЛА ИДНИНА" - Кочани

Контакт информации

Центар за култура,комуникација и едукација на Ромите „Светла иднина“ Кочани

Адреса: „Маршал Тито“ бр.97-1/7
Тел:071 348 913, 072 275 697
Е-маил:svetla.idnina@yahoo.com
Kocani232 – facebook page

Изработката на овој документ е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот „Младите Успеваат заедно“ поддржан од проектот на УСАИД за граѓанско учество. Содржината е одговорност на ЦККЕР „Светла иднина“ Кочани и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Заеднички Акционен план за развој на ромската заедница во Општина Кочани за пеиод 2019 -2020 година.

I

1. Се усвојува Заеднички Акционен план за развој на ромската заедница во Општина Кочани за пеиод 2019 -2020 година.
2. Заедничкиот Акционен план за развој на ромската заедница во Општина Кочани за пеиод 2019 -2020 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1508/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

**Т5 ОБРАЗЕЦ – ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКА АКЦИЈА**

**ЗАЕДНИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОПШТИНА КОЧАНИ ЗА ПЕРИОД 2019 -2020**

Овој документ е изработен како заеднички продукт на ромската акциска група (community action group), во која учествуваат членови на локални граѓански здруженија од ромската заедница, активисти и медијатори Роми, Ромскиот информативен центар, Ромскиот здравствен медијатор и Ромскиот образовен медијатор во Општина Кочани, како и општинската работна група во која членуваат 5 општински службеници.

Работните групи се формирани во рамките на програмата РОМАКТЕД.

Програмата РОМАКТЕД е програма на Советот на Европа која се имплементира во сите земји на западен балкан + Турција, а во нашата држава се имплементира во 12 општини. Програмата РОМАКТЕД во Република Северна Македонија е фасцилитирана од националната контакт точка Асоцијација за демократски развој „Сонце“ од Тетово.

## ЗАЕДНИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА

## РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

## ЗА ПЕРИОД 2019 -2020

I.

**ЗАЕДНИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОПШТИНА КОЧАНИ ЗА ПЕРИОД 2019 -2020**

**Област: Образование за Роми**

| **Бр.** | **Назив на мерката / активноста** | **Очекувани резултати** | **Период на имплементација** | **Одговорна институција** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мерка: **Информативна кампања во средните училишта за упис на факултет на средношколците Роми од Општина Кочани.**<br><br>Активност 1. Презентација на програми и поволности на Универзитети во средните училишта во општина Кочани<br><br>Активност 2. Идентификување (следење) на заинтересирани средношколци Роми од општина Кочани за упис на факултети<br><br>Активност3.Информирање за можностите и програмите за стипендирање на студенти Роми од општина Кочани. | Зголемена информираност на средношколците Роми за упис на факултетите на УГД Штип и други високообразовни институции.<br><br>Идентификувани се сите средношколци Роми од општина Кочани со подобар успех за нивна подготовка за упис на факултет .<br><br>Зголемен број на информирани и запишаните студенти Роми. | 2019- 2020 година | Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор<br><br>Ромски невладини организации<br><br>Средни училишта во општина Кочани | Општина Кочани<br><br>Ромски невладини организации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | **Мерка: Доделување стипендии на запишани студенти Роми од општина Кочани на факултет**<br><br>1.Активност: Објавување на конкурс за доделување на стипендии од Општина Кочани<br>2.Активност: Доделување на стипендии на запишани студенти Роми од Општина Кочани на факултет, најмногу 5 (пет) стипендии за студенти од Ромската етничка заедница (за 1 студиска година) според услови и постапка утврдени со Правилник за доделување стипендии на студенти жители на општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани. | Стипендирани се сите запишани студенти Роми од Општина Кочани (максимум до 5 студенти) | Октомври-Ноември 2019 и 2020 година | Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор<br><br>Ромски невладини организации | Општина Кочани |
| 3. | <u>Мерка:</u> **Обезбедување и доделување на училишен прибор и поддршка на учениците во одделенска настава од социјален ризик во основно образование во општина Кочани.**<br><u>1.Активност:</u> Идентификување на број на деца во социјален ризик во основните училишта во општина Кочани<br><u>2.Активност:</u> Селекција на децата во социјален ризик во основните училишта во Општина Кочани<br><u>3.Активност:</u> Доделување и дистрибуција на училишен прибор на децата во социјален ризик во основните училишта во Општина Кочани. | Намален осипот на учениците во социјален ризик во основните училишта во општина Кочани<br>Доделен училишен прибор на околу 100 ученици во социјален ризик во Општина Кочани<br>Подобрени се условите за посетување на настава и активно учество во образовниот процес. | Септември – Октомври 2019 и 2020 година | Општина Кочани<br><br>Ромски образовен медијатор<br><br>Ромски невладини организации<br>Бизнис сектор | Општина Кочани<br><br>Бизнис сектор<br><br>Ромски невладини организации<br><br>Донатори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **<u>Мерка:</u> Донесување на Локален акционен план за образование на Ромите во општина Кочани**<br><br>1.Активност: Анализа на потреби за подготовка на ЛАП за образование на Роми во општина Кочани<br>2.Активност: Организирање на три средби за подготовка на ЛАП за образование на Роми во општина Кочани<br>3.Активност: Драфт верзија на ЛАП за образование на Роми во општина Кочани и доставување до Советот на Општина Кочани за усвојување<br>4.Активност: Донесување на ЛАП за образование на Ромите во општина Кочани | Изготвен Локален акционен план за образование на Ромите во општина Кочани за период од 2019 – 2021 година во ноември 2018г.<br><br>Донесен Локален акционен план за образование на Ромите во општина Кочани за период од 2019 – 2021 година од Советот на Општина Кочани до јуни 2019 г. | Јули 2019 година | Општина Кочани<br>Ромски невладини организации<br>Училиштата од Општина Кочани<br>Ромскиот образовен медијатор | Општина Кочани<br><br>РОМАКТЕД програма од Советот на Европа<br><br>Други домашни и меѓународни организации и институции |
| **Област: Здравство и здравствени услуги** | | | | | |
| 5. | Мерка: **Зголемување на бројот на вакцинирани деца Роми во општина Кочани**<br>1.Активност: Обезбедување на листа на невакцинирани деца Роми во општина Кочани<br>2.Активност: Информирање на родителите за вакцинација на децата Роми во општина Кочани<br>3.Активност: Организирање на акција за вакцинација на децата Роми во општина Кочани. | Идентификувани невакцинирани деца Роми во Општина Кочани<br>Информирани родители за вакцинација на децата Роми во Општина Кочани<br>Зголемен бројот на вакцинација на децата Роми во општина Кочани | 2019- 2020 година | Општина Кочани<br>Здравен Дом - Одделение за вакцинација<br>Ромски невладини организации<br>Ромски здравствен медијатор | Општина Кочани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | <u>Мерка:</u> **Подигање на свеста кај жените Ромки од општина Кочани за редовно посетување на гинеколог.**<br><br>1.Активност:Информирање за бесплатните пап тестови на жените Ромки во Општина Кочани.<br><br>2.Активност: Информативни средби со жените Ромки од општина Кочани за посетување на гинеколог | Зголемена информираноста на жените Ромки од општина Кочани за бесплатните пап тестови<br>Реализирани средби со жените Ромки од општина Кочани за зголемена посета на гинеколог | 2019 - 2020 година | Општина Кочани<br>Ромски здравствен медијатор | Општина Кочани – соработник за социјална и здравствена заштита<br>Ромски здравствен медијатор<br>Ромски невладини организации од Општина Кочани |
| **Област: Домување и здрава животна средина** | | | | | |
| 7. | Мерка:**Изработка на Детален урбанистички план за градска четврт 5 во општина Кочани**<br><br>1.Активност: Изработка на ДУП за гратска четврт бр 5 во општина Кочани<br><br>2.Активност: Организирање на Јавна анкета за ДУП за градска четврт 5 во општина Кочани<br><br>3.Активност: Усвојување на ДУП за градска четврт 5 во Општина Кочани. | Изработен Детален урбанистички план за градска четврт 5 во општина Кочани<br><br>Организирана Јавна анкета за ДУП за градска четврт 5 во Општина Кочани<br><br>Усвоен и применлив ДУП за градска четврт 5 во Општина Кочани. | Јуни 2020 година | Општина Кочани | Општина Кочани<br>Влада на РМ<br>Министер без ресор координатор за имплементација на Стратегијата на Ромите во Република Македонија.<br>Европски фондови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Мерка: **Третман и решавање на проблемот со домувањето во Касарната во општина Кочани.**<br><br>1.Активност: Да се изнајде соодветна локација за овој проект.<br><br>2. Активност: Изработка на техничка документација за изградба на типски куќи за 24 Ромски семејства во Општина Кочани<br><br>3. Активност: Започнување на постапка за добивање на дозвола за градба за изградба на типски куќи за 24 Ромски семејства во Општина Кочани<br><br>4. Активност: Изградба на 24 типски куќи за 24 Ромски семејства во Општина Кочани | Изработен и усвоен ЛУПД за соодветна локација за овој проект<br><br>Изготвена техничка документација за изградба на типски куќи за 24 Ромски семејства во Општина Кочани.<br><br>Добиена дозвола за градба за изградба на 24 типски куќи за 24 Ромски семејства во Општина Кочани<br><br>Изградени се и доделени 24 типски куќи за 24 Ромски семејства во Општина Кочани | Декември 2020 година | Општина Кочани | Општина Кочани<br>Влада на РСМ<br>Министер без ресор координатор за имплементација на Стратегијата на Ромите во Република Македонија<br>Домашни и меѓународни донатори |
| 9. | Мерка: **Подобрување на комуналната инфраструктура во Ромските населби во општина Кочани**<br><br>1.Активност: Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа во Ромски населби во општина Кочани<br><br>2.Активност: Тампонирање и бетонирање на улици во Ромски населби во општина Кочани | Извршена реконструкција на водоводната и канализационата мрежа во Ромски населби во општина Кочани.<br><br>Тампонирани и бетонирани улици во Ромски населби во општина Кочани. | Декември 2020 година | Општина Кочани | Општина Кочани<br>Влада на РМ<br>Министер без ресор координатор за имплементација на Стратегијата на Ромите во Република Македонија<br>Донатори |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.Активност: Асфалтирање на улици во Ромски населби во општина Кочани<br><br>4.Активност: Пробивање на пристапни улици во ромската заедница во согласност со ДУП, во месноста Колерски гробишта и полатски пат | Асвалтирани нови улици во Ромските населби во општина Кочани.<br>Овозможена пристапност во месноста Колерски гробишта со товарни возила (камиони, возило на противпожарна заштита, брза помош итн. | | | |
| 9. | Мерка: **Заштита на животната средина и чистење на депониите во Ромските населби во општина Кочани**<br><br>1.Активност: Информирање на Ромската заедница за важноста за заштита на животната средина во општина Кочани<br><br>2.Активност: Идентификување на дивите депонии во Ромските населби во општина Кочани<br><br>3.Активност: Организирање на заеднички акции на КЈП Водовод Кочани, Општина Кочани и Ромската заедница за чистење на дивите депонии во Ромските населби за заштита на животната средина во општина Кочани. | Зголемена информираност на Ромската заедница за заштита на животната средина во Ромските населби во општина Кочани<br>Идентификувани дивите депониии во Ромските населби во општина Кочани<br><br>Реализирани акции за чистење и дислокација на дивите депонии во Ромските населби во општина Кочани. | 2019 - 2020 година | Општина Кочани<br>Ромски невладини организации<br>КЈП „Водовод" Кочани | Општина Кочани<br>Ромски НВО |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Област: Вработување** | | | | | |
| 10. | Мерка: **Зголемување на бројот на корисници за мерките на Агенцијата за вработување во Општина Кочани**<br><br>1.Активност: Идентификување на активните баратели на работа од Ромската заедница од Агенцијата за вработување<br><br>2.Активност: Организирање на средби со Ромската заедница за програмите и мерките за вработување на Агенцијата за вработување<br><br>3.Активност: Информирање на Ромската заедница за тековните огласи за работа и повиците за тековните програми и мерки за вработување на Агенцијата за вработување. | Обезбедена листа на активни баратели на работа од Агенцијата за вработување<br>Организирани средби и зголемена информираност на Ромската заедница за програмите и мерките за вработување на Агенцијата за вработување<br>Зголемен број на корисници од Ромската заедница на програмите и мерките на Агенцијата за вработување | 2019 - 2020 година | Општина Кочани<br>Агенција за вработување на Општина Кочани<br>Центар за социјални работи<br>Ромски невладини организации<br>Ромски информативен центар | Агенцијата за вработување<br>Бизнис сектор<br>Ромски невладини организации<br>Ромски информативен центар |

Врз основа на членот 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018 И 104/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работни места во ЈОУДГ„Павлина Велјанова“- Кочани

I

Се дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работни места во ЈОУДГ„Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.01-159/2 од 13.06.2019 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1534/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018 И 104/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“- Кочани

I

Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани Бр.0101-159/1 од 13.06.2019 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1535/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 114, став 1, точка 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016,163/2017 и 21/2018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 11.07.2019 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани

I

1. Од функцијата член на

Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани се разрешува:

1. Јованка Ефтимова, поради завршен мандат

2. За член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани се именува:

1. Вера Костова – претставник на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1536/1
11.07.2019 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани,
Томе Солевски

# СОДРЖИНА

1. Измени и дополнувања на Буџетот (ребаланс), Бр.09-1505/1
стр.4

2. План за измени и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1506/1
стр.52

3. План за изменување и дополнување на Планот на програми за развој на општина Кочани за период 2019-2022 година, Бр.09-1527/1
стр.54

4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило, набавка, поставување и одржување урбана опрема, одржување детски игралишта и одржување на фонтаната „Зрно“ за 2019 година, Бр.09-1513/1
стр.60

5. Програма за изменување на Програмата за одржување на јавна чистота на територијатана Општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1514/1
стр.69

6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1515/1
стр.70

7. Програма за изменување и дополнување на Програмата за спорт на општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1517/1
стр.73

8. Програма за изменување на Програмата за култура на Општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1518/1
стр.74

9. Програма за изменување на Програмата за комуникација на општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1519/1
стр.76

10. Програма за изменување и дополнување на Програмата за поддршка на образованието во Општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1520/1
стр.76

11. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1521/1
стр.78

12. Програма за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1522/1
стр.79

13. Програма за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1523/1
стр.80

14. Програма за изменување на Програмата за изградба на системи за водоснабдување на подрачјето на Општина Кочани за 2019 година, Бр.09-1524/1
стр.81

15. Програма за изменување на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на подрачјето на општина Кочани за 2019 година, Бр.09-

1525/1
стр.82

16. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот, Бр.09-1516/1
стр.82

17. Одлука за давање на трајно управување и користење недвижна ствар„ Пречистителна станица“, на КЈП „Водовод“- Кочани, без надомест, Бр.09-1499/1
стр.84

18. Одлука за давање на времено користење дел од недвижна ствар,сопственост на општина Кочани, на ЈОУ „Библиотека Искра““- Кочани, без надомест, Бр.09-1500/1
стр.84

19. Одлука за давање на согласност за вклучување на деца Роми на возраст од 3 до 6 години за престој во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани за период до 31.12.2019 година за реализацијата на Проектот „Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи-Детски градинки“ , Бр.09-1510/1
стр.85

20. Одлука за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр.09-1511/1
стр.86

21. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1512/1
стр.89

22. Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од плански опфат за КП бр.2202 КО Полаки; за КП бр.2519 КО Пресека; за КП бр.4454 КО Полаки; за КП бр. 342 КО Црвена Нива; за КП бр. 520/10 КО Вранинци; за КП бр.854/2 КО Тркање, Бр.09-1526/1
стр.90

23. Одлука за давање на согласност на договор за примање на донација, Бр.09-1528/1
стр.91

24. Одлука за давање на согласност на договор за примање на донација, Бр.09-1529/1
стр.92

25. Одлука за давање на согласност на договор за примање на донација, Бр.09-1530/1
стр.92

26. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-1531/1
стр.93

27. одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1532/1
стр.93

28. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи во ЈОУ ДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1533/1

стр.94

29. за давање на времено користење дел од недвижна ствар,сопственост на општина Кочани на Сектор за внатрешни работи Штип-Полициска станица Кочани, Бр.09-1537/1
стр.94

30. Одлука за давање на времено користење дел од недвижна ствар,сопственост на општина Кочани на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта- Скопје, без надомест, Бр.09-1538/1
стр.95

31. Заклучок за усвојување на информација за заштита на почвата (експлоатација на глина песок и геотермална вода) на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1497/1
стр.95

32. Заклучок за усвојување на информација за состојбата со боровиот четник на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-1498/1
стр.95

33. Заклучок за давање согласност на измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување во КЈП „Водовод" – Кочани за 2019 година Бр.09-1501/1
стр.96

34. Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2019 година во периодот од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година, Бр.09-1502/1
стр.96

35. Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2019 година, Бр.09-1503/1
стр.97

36. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2019 година, Бр.09-1504/1
стр.97

37. Заклучок за усвојување на Локален акциски план за образование на роми во Општина Кочани 2019-2021, Бр.09-1507/1
стр.98

38. Заклучок за усвојување на Стратегија за млади на Општина Кочани 2019-2023, Бр.09-1508/1
стр.106

39. Заклучок за усвојување на Заеднички Акционен план за развој на ромската заедница во Општина Кочани за пеиод 2019 -2020 година, Бр.09-1509/1
стр.140

40. Заклучок за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работни места во ЈОУДГ„Павлина Велјанова"- Кочани, Бр.09-1534/1
стр.149

41. Заклучок за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Павлина Велјанова"- Кочани, Бр.09-1535/1
стр.149

42. Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова" – Кочани, Бр.09-1536/1
стр.149